Овој проект веќе еднаш доби поддршка од 1.900.000,00 денари од повикот на владата за намалување на аерозагадувањето, но поради недостигот на сопствени средства (до 4.300.000,00 денари) не се реализира.

Во моментот истиот проект оди преку повикот на МОН и се надеваме на целосна поддршка за негова реализација.

Без финансиски импликации

### 2.2.9. Поставување на хибридни соларни системи за електрична енергија и санитарна топла вода во градинката „Мајски Цвет“, Тафталиџе 2

Ова е прв ваков проект во државата со кој обезбедуваме 300 литри санитарна вода и 3 kW електрична енергија за сопствени потреби.

Завршен е повикот, склучен е договорот со изведувачот и монтажата на системот ќе заврши до крајот на овој месец.

... 296.000,00 денари (сопствени средства)
... 160.000,00 денари (донација во опрема)

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/6**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на педесет и втора седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за развој.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/10**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2020 година**

1. **Крводарителска акција**

**Краток опис:** Секторот за Развој во соработка со Црвениот крст и Заводот за трансфузиологија оваа година организираше две крводарителски акции, едната во месец мај, а втората во октомври 2020 година. И двете крводарителски акција се одвиваа во спортската сала на ОУ Лазо Трповси, само со вработените од општинската администрација, поради запазување и во согласност со протоколите од КОВИД 19. И на двете крводарителски акции беа собрани по 46 крвни единици.





Како и секоја акција така и овие две започнаа две недели порано со информирање на сите досегашни крводарители од општинската администрација.

Буџет: /

2. **Традиционална скопска Тортијада и Интернационална Тортијада**

**Краток опис:** Оваа година Општина Карпош беше гостин на традиционалната скопска тортијада, а како домаќини и организатори на настанот беа Хуманитарната организација Ангелчиња Хоа и Општина Бутел. Манифестацијата се одржа на 06.03.2020 година во ресторан Аликас во Општина Бутел при што од Општина Карпош беа пријавени четири учеснички во аматерскиот дел и една учесничка во професионалниот дел со вкупно 7 торти.

Како и секоја година Општина Карпош се вклучи со свое учество во хуманитарниот дел на акцијата со донирање на средства кои Општина Чаир како домаќин ги намени за момче кое боледува од инфантилна церебрална парализа.






Манифестацијата преставуваше презентација на способноста, умешноста и креативноста на учесниците во двете групи и аматерите и професионалците. Овој проект има за цел да ја подигне свеста за хуманост кај граѓаните каде преку лицитацијата на тортите со парични донации да се помогне таму кај што е најпотребно**.**

Исто така, преку оваа манифестација се обезбеди можност да се разменат искуства помеѓу натпреварувачите аматери и професионалци.

**Буџет: 33.000,00** (средства потрошени за донација, котизација за карти за ревијален дел и учество на учесниците)

**3. "Организирање на хуманитарен настан DRIVE FOR COLON CANCER AWARENES"**





Со мало одложување поради Ковид 19 на 03.10.2020 беше реализиран хуманитарниот настан Drive for colon cancer awareness од страна на Здружението на граѓани за поддршка на борбата против рак на дебело црево "ДФФЦА" .

Оваа година беше реализирано големото хуманитарно дефиле со малку поинаква порака во малку поинакви услови. Пораката оваа сезона беше заштита на ранливите категории, болни од канцер на дебело црево и малигнитет кај децата од инфекција со Ковид 19.

Настанот беше реализиран во Авто Соло Возење со цел избегнување на групирање на учесниците. Поради неопходноста за почитување на Ковид 19 овој пат беше акцентот ставен на заштитана овие ранливи категории од постоечката пандемија.

Во ДФЦЦА СОЛО ДРИВЕ учество земаа околу стотина учесници со околу 50 - тина автомобили, кои продефилираа низ улиците на Општина Карпош.

**Буџет: 75.000,00** (средства потрошени за помагање на организација на настанот)

**4. "Започни го својот бизнис"**

Во текот на месец октомври Здружението на граѓани Центар за поддршка и креативен развој Скопје започна со реализација на проектот "Започни го својот бизнис". Целта на проектот беше да се обучат 12 жени (кои во периодот на КОВИД 19 останале без работа), а се жители на Општина Карпош, како да станат претприемачи и да ја свртат судбината во своја корист.

Во процесот на селекција на жени кои ќе учествуваат на обуките за претприемништво беа дефинирани критериуми согласно дизајнот и целта на проектот, односно како главни предуслови беа жителството во Општина Карпош и мотивот да се започне сопствен бизнис. По пристигнатите 18 пријави (преку електронски формулар на Google Forms), беа избрани и покани 15 учеснички и покрај фактот што со проектната идеја беа предвидени да се обучат 12. Пријавените беа на возраст од 19 до 59 години, но со просечна старост од 36 години. 15 од нив беа невработени во моментот, а најголем дел од нив одговориле дека тоа е поради пандемијата КОВИД 19.




Обуките беа поделени во три модули беа реализирани во текот на месец ноември и месец декември, во вкупно времетраење од 9 денови распоредени за време на викендите. Согласно рестрикциите поради пандемијата, сесиите се одржуваа виртуелно преку платформата на Microsoft Teams и траеја помеѓу 3 и 4 часа. Најпрво се одржа сесија за запознавање и проценка на потребите кое им помогна на обучувачите да ги креираат обуките согласно нивните потреби.

Понатаму, трите модули распоредени во 8 денови ги опфатија областите: *правна и даночна регулатива, основи на претприемништво и бизнис идеја, брендирање, дигитален маркетинг и пристап до финансии.* Тренинг сесиите опфаќаа како теоретски дел, така и практичен дел, со вклучување на учесничките преку директна интеракција, прашања, квизови, игри и др. Една од главните задачи им беше да се развие сопствена бизнис идеја, кои на една од сесиите беа менторирани и дискутирани.







По комплетирање на активностите, истите имаа можност да пополнат прашалник за евалуација на обуките. Сите учеснички позитивно ги оценија и самата програма и обучувачите, од нив дури 83% со највисока оцена. Главната забелешка се однесување на функционалноста на платформата Microsoft Teams, како и констатацијата дека различно е искуството на виртуелни обуки наспроти оние со физичко присуство.

Секоја од учесничките се стекна со сертификат за учество на обуките.

**Буџет: 138.200,00** денари

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМАТ ЗА РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА**

| **Р.Б** | **Име на проектот** | **Одобрен буџет** |
|---|---|---|
| **1** | **Крводарителска акција** | / |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **3. Традиционална скопска Тортијада и Интернационална Тортијада** | **33.000,00** |
| **3** | **“Организирање на хуманитарен настан DRIVE FOR COLON CANCER AWARENES”** | **75.000,00** |
| **4** | **“Започни го својот бизнис”** | **138.200,00** |
| | **ВКУПНО** | **246.200,00** |

**Од планираните 833.200,00 денари, потрошени се 246.200,00 денари од буџетот на Општина Карпош**.

**Б) АКТИВНОСТИ НАДВОР ОД ПРОГРАМАТА НА СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ**

**1. Проект за конзерваторски и реставраторски интервенции - замена на столарија и внатрешно уредување на конаците на манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон**

**Краток опис на проектот:** Во месец јануари Општина Карпош, преку Секторот за развој поднесе апликација до Биро за регионален развој „Проект за развој на подрачја со специфични развојни потреби“ при Министерство за локална самоуправа за добивање на грант средства за замена на столарија и внатрешно уредување на конаците на манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон.

Станува збор за програма на која само одреден број на општини, со одредени специфично подрачје (само г.Нерези во рамките на териотија на Општина Карпош) може да конкурираат и евентуално добијат грант средства. Проектот беше успешно оценет од страна на Министерство за локална самоуправа, а подоцна и до Владата на Република Северна Македонија и со тоа Општина Карпош потпиша договор за добивање на 6.000.000,00 денари за вршење на конзерваторски и реставраторски интервенции на конаците на манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон.
Од страна на Македонската православна црква, беше обезбедена целата документација како одобрение, основен проект, ревизија на основниот проект, а од страна на Секторот за развој беше подготвена апликацијата.
Проектот се уште е во фаза на реализација т.е. течат градежните работи, а конкретно се работи на обнова на столаријата и внатрешно уредување на главниот конак. Имено, се реконтструира подот, тоалетите, се заменуваат прозорите, а се поставува и нов систем за противпожарна заштита и електрична инсталација. Целта е да се врати афтентичноста и уникатноста на главниот конакот.

 

**Одобрени средства: 6.000.000,00 денари**

**2. Промена на надворешна столарија во детската градинка "Мајски цвет" - Тафталиџе 1**

**Краток опис на проектот:** Во месец јануари Општина Карпош, преку Секторот за развој поднесе апликација до Влада на Република Северна Македонија од "Програмата за намалување на

аерозагадувањето за 2020 година – енергетска ефикасност", за целосна реконструкција на детската градинка Мајски цвет вклучувајќи промена на кров, фасада, надворешна и внатрешна столарија, како и санитарните јазли во градинката во износ од 6.000.000,00 денари.

Поради Ковид 19, од страна на Владата ни беа доделени само 1.500.000,00 денари и за таа цел, а по нивна препорака се одлучи овие средства да бидат наменети за промена на 118 прозори и сите надворешни врати, со цел добивање на една целина на проектот.





**Одобрени средства: 1.500.000,00 денари**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА ОД СТРАНА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ДОНАТОРИ ПРЕКУ АПЛИКАЦИИ ОД СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ**

| Р.Б | Име на проектот | Одобрен буџет |
|---|---|---|
| 1 | Проект за конзерваторски и реставраторски интервенции - замена на столарија и внатрешно уредување на конаците на манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон | 6.000.000,00 |
| 2 | Промена на надворешна столарија во детската градинка "Мајски цвет" - Тафталиџе 1 | 1.500.000,00 |
| | ВКУПНО МКД | 7.500.000,00 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/7**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/11**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

| РБ | УЗ | ОПИС | СУМА |
|---|---|---|---|
| **1** | | **КАНАЛИЗАЦИЈА, ВОДОВОД** | |
| 1 | Средно Нерези | Изведба на водоводна мрежа - Средно Нерези(реконструкција на секундарна водоводна мрежа) | 4.385.350,04 |
| | | | |
| **2** | | **РЕКОНСТРУКЦИЈА / АСФАЛТИРАЊЕ** | |
| 1 | Влае 1 | Реконструкција со асфалтирање на улица "Вангел Дину"-уз Влае 1 | 1.268.741,65 |
| 2 | | Санација-асфалтирање на паркинг простор на ул."Атинска"-Млечен | 885.814,20 |
| 3 | Злокуќани | Санација - асфалтирање на крак од ул.„Скупи" во УЗ Злокуќани | 579.356,40 |
| 4 | | Санација - асфалтирање на дел од ул.„Ловќенска 4" | 1.510.518,00 |
| 5 | Карпош 4 | Санација-асфалтирање на крак од ул."Вич" | 2.641.378,79 |
| 6 | Горно Нерези | Замена на столарија и внатрешно уредување на конакот на манастирот СВ ВМЧ Пантелејмон во с. Горно Нерези | 5.378.556,35 |
| **3** | | **ПОПЛОЧУВАЊЕ** | |
| 1 | | Поплочување со бекатон на тротоари на Новопроектирана ул.3, У.З. Тафталиџе 1 | 394.968,07 |
| 2 | Бардовци | Поплочување со павер елементи на споредни улици во н.м. Бардовци ,за два краци од ул."14",два краци од ул."18",крак од ул."10",крак од ул."20",крак од ул."6" и крак од ул."15" | 9.672.836,2 |
| 3 | | Санација и поплочување со павер елементи на пристапна патека од улица "Варшавска" - крак 1 и крак 2 | 536.031,84 |
| 4 | | Санација и поплочување со павер елементи на пешачка патека во УЗ Влае 1 и УЗ Тафталиџе 2 | 466.115,34 |
| 5 | | Изведба на паркинг простор-Карпош 3(санација позади објект на бул.Партизански Одреди бр.106) | 1.562.842,50 |
| **4** | | **УЧИЛИШТА/ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА** | |
| 1 | | Санација на спортски игралишта во УЗ Трнодол и ООУ Лазо Трповски - УЗ Карпош 3 | 1.700.788,28 |
| 2 | | Санација на кошаркарско спортско игралиште во ООУ "Лазо Трповски" | 1.368.455,44 |
| 3 | | Санација на тоалети во детска градинка "Мајски цвет" на ул."Варшавска" бр.15 - УЗ Тафталиџе 1 | 1.975.179,28 |
| 4 | | Санација на фасада на ЈУОДГ Мајски Цвет-УЗ Тафталиџе 1 | 2.395.696,41 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **5** | | **РЕКАПИТУЛАР** | |
| | | **По градежни активности** | **Сума** |
| **1** | | **КАНАЛИЗАЦИЈА, ВОДОВОД** | **4.385.350,04** |
| **2** | | **РЕКОНСТРУКЦИЈА/АСФАЛТИРАЊЕ** | **12.264.365,39** |
| **4** | | **ПОПОЛОЧУВАЊЕ** | **12.632.793,95** |
| **5** | | **УЧИЛИШТА/СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА** | **7.440.119,41** |
| | | **ВКУПНО** | **36.722.628,79** |
| **6** | | **ОСТАНАТО** | |
| | | ИТНИ ИНТЕРВЕНЦИИ | |
| 1 | | Реконструкција на санитарни јазли и инсталации за довод и одвод во основни училишта, градинки и други објекти во надлежност на Општина Карпош | 1.000.000,00 |
| 2 | | Асфалтирање на ударни дупки на јавни сообраќајни површини, сервисни и станбени улици, локални патишта и санации на прекопи на територија на Општина Карпош | 5.000.000,00 |
| 3 | | Итни интервенции за санација на кровови на објекти во надлежност на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 4 | | Интервенции на оштетени улици, тротоари, колско пешачки патеки и пешачки патеки во зелена површина на територија на Општина Карпош | 4.000.000,00 |
| 6 | | Итни интервенции на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Карпош | 2.000.000,00 |
| 7 | | Друго | |
| 1 | | Одржување на сообраќајници (собирни, сервисни, станбени улици и пешачки патеки) на територија на Општина Карпош во зимски услови за период 2019-2020 година | 8.000.000,00 |
| 2 | | Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација | 1.000.000,00 |
| | | | |
| | | **ВКУПНО** | **59.722.628,79** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | | ИЗРАБОТКА НА ТЕХ. ДОКУМЕНТАЦИЈА | |
| 1 | | Изработка на основни проекти за измена на режин на сообраќај на територија на Општина Карпош | |
| 2 | | Изработка на техничка документација за проекти од инфраструктура за потребите на Општина Карпош | |
| 9 | | НАДЗОР | |
| 1 | | Вршење на стручен надзор над изградба и реконструкција на водоводни мрежи, фекални канализации, атмосферски канализации и топловодни мрежи на територија на Општина Карпош | |
| 2 | | Вршење на стручен надзор за локални патишта, улици, паркиралишта и тротоари на територија на Општина Карпош | |
| 3 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на основни училишта и реконструкција и изградба на градинки на територија на Општина Карпош | |
| 4 | | Вршење на стручен надзор над реконструкција на станбени објекти на територија на Општина Карпош | |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/8**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019 и 16/2020), Советот на Општина Карпош на педесет и втора седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/12**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ
ПРАШАЊА

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Број: 11 – 510/1
Датум: 22.01.2021
Скопје

До
Сектор за комунални работи
и уредување на градежно земјиште
ТУКА

Предмет: Известување

Ве известуваме дека согласно Програмата за уредување на градежно земјиште за 2020 година, Општина Карпош има добиено финансиски средства во износ од 5.238.093,00 денари и истите ги има планирано за:

| | |
|---|---|
| • Зимска служба | 1.047.618,00 |
| • Крпење на ударни дупки | 1.571.428,00 |
| • Изградба на улици | 2.619.047,00 |
| | ----------------- |
| ***Вкупно*** | ***5.238.093,00*** |

Општина Карпош има потрошено финански средства за 2020 за следново:

| | |
|---|---|
| • Зимска служба | 1.047.618,00 |
| • Крпење на ударни дупки | 1.571.428,00 |
| • Реконструкција и рехабилитација на ул. Новопроектирана улица 3 (крак помеѓу ул.Прашка и Т.Гологанов) | 2.619.047,00 |
| ***Вкупно*** | ***5.238.093,00*** |

Од горенаведеното се гледа дека имаме потрошено повеќе средства и тоа во износ од денари.

Изработил:
Проверил:

РАКОВОДИТЕЛ НА
СЕКТОРОТ ЗА ФИНАНСИСКИ
ПРАШАЊА
Мирјана Ѓорѓиевска

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055-903, факс: 3062-925*
***www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа културата за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/9**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за култура и спорт.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/13**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО**
**ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА 2020 ГОДИНА**
**(ДЕЈНОСТ КУЛТУРА)**

Според донесениот план, динамика и активности за работа на одделението за култура и спорт, за организација и реализација на предвидените проекти од дејноста култура, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2020 година, беа реализирани дел од предвидените проекти:

1. ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

Доделување на финансиска поддршка на лица од Општина Карпош кои се занимаваат со културата и се наменети за реализација на разни манифестации и програми кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30, 000.00 ден. Оваа едниократна финансиска поддршка ја определува комисија составена од пет членови (три членови од општинската администрација и двајца од советниците во Советот на општината).

За 2020 година комисијата за култура ѝм додели финансиска поддршка на следниве лица:

**1.Јулијана Крацовска** со бр. пр. 55-380/1 од 17.01.2020 година – за купување инструмент – хармоника за синот Давид Крацовски во висина од 6.500,00 денари.

2.**Тони Манцуковски** со бр. пр. 11-2916/1 од 20.05.2020 година - за објавување на книгата „Како ти и јас“ во висина од 20.000,00 денари.

3.**Републичко здружение на децата бегалци и нивните потомци од егејскиот дел на Македонија „Тга за југ“** со бр. пр. 11-3410/1 од 10.06.2020 година – за оддржување на состанок за актуелната состојба во државата во висина од 3.000,00 денари.

4.**Здружение на граѓани „Свет на Различни и Еднакви“- Скопје** со бр. пр. 55-7097/1 од 10.11.2020 година – за издавање на инклузивна сликовница пристапна за лица со оштетен вид во висина од 15.000,00 денари.

5.**Републичко здружение на децата бегалци и нивните потомци од егејскиот дел на Македонија „Тга за југ“** со бр. пр. 11-4521/1 од 04.08.2020 година – за покривање на дел од трошоците произлезени од манифестацијата 35 години од постоењето на здружението во висина од 12.000,00 денари.

6.**Соња Поповска Трајковска** со бр. пр. 11-5536/1 од 22.10.2020 година – за Проектот Ликовна композиција со наслов Низ нови димензии, во парк Македонија, Општина Карпош во висина од 20.000,00 денари.

7.**Давид Ристевски** со бр. пр. 11-5738/1 од 29.09.2020 година – за изработка на графит за официјално отварање на игралиштето во општина и ООУ Лазо Трповски во висина од 30.000,00 денари.

НАПОМЕНА

Активности, односно проекти кои не се организирани и реализирани од програмата за дејност култура за 2020 година, поради светската пандемија COVID - 19 (Корона вирус) се: Карпошово културно лето 2020 и Финансиска поддршка за проекти од културата.

Од таа причина од страна на советот на Општина Карпош беше донесена одлука, со кое е направено поништување на предвидените финансиски средства на горе споменатите проекти.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/10**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6,член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година (Службен гласник на Општина Карпош број 24/2019 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за култура и спорт.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/14**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

***ОПШТИНА КАРПОШ***
***СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС***
***ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ***

**ПРЕДЛАГАЧ: ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ИЗГОТВУВАЧ: СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС**

# ИЗВЕШТАЈ
**за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година**

**Скопје, Јануари 2021 година**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*

www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗИРАНАТА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО**
**ЗА КУЛТУРА И СПОРТ ЗА 2020 ГОДИНА**
**(ДЕЈНОСТ СПОРТ)**

Според донесениот план, динамика и активности за работа на одделението за култура и спорт, за организација и реализација на предвидените проекти од дејноста спорт, согласно усвоената програма од страна на советот на Општина Карпош за 2020 година, беа успешно започнати, организирани и реализирани следните проекти:

1. **УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ (период јануари - јуни)**

Училишните спортски игри во 2020 година за жал не го дочекаа својот крај, а со тоа изостана и прогласувањето на најдобрите индивидуални поединци, најдобрите училишни екипи како и наградната спортска ескурзија.

Училишните спортски игри како и секоја година започнаа со голем ентузијазам кон втората половина на месец февруари. По само неколку одиграни кола во одбојка (девојчиња), кошарка и ракомет, светот го зафати и се прогласи светска пандемија Covid - 19 (Корона вирус). Поради тоа мораше да се прекинат сите понатамошни спортски настани. Лигата во фудбал не беше започната.

*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
*ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

| ДОГОВОРИ ЗА НАСТАВНИЦИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2020 (период јануари - јуни) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на договор** | **Износ** | **Договор за** | **Исплатено/Неисплатено** |
| Марјан Угриновски | 03-2801/1 18.05.2020 | 4.500,00 | Кошарка Ракомет | Исплатено |
| Александра Николовска | 03-2803/1 18.05.2020 | 2.500,00 | Одбојка | Исплатено |
| Светлана Илиоска | 03-2812/1 18.05.2020 | 2.000,00 | Одбојка | Исплатено |
| Борче Божиновски | 03-2806/1 18.05.2020 | 2.000,00 | Одбојка | Исплатено |
| Благоја Ставревски | 03-2805/1 18.05.2020 | 3.500,00 | Кошарка Одбојка Ракомет | Исплатено |
| Зоран Петровски | 03-2809/1 18.05.2020 | 7.500,00 | Кошарка Одбојка Ракомет | Исплатено |
| Филип Трајковски | 03-2814/1 18.05.2020 | 3.000,00 | Кошарка | Исплатено |
| Амди Муса | 03-2804/1 18.05.2020 | 4.500,00 | Кошарка Ракомет | Исплатено |
| Зоран Сивевски | 03-2810/1 18.05.2020 | 5.000,00 | Кошарка Ракомет | Исплатено |
| Оливера Даневска | 03-2811/1 18.05.2020 | 5.000,00 | Ракомет | Исплатено |
| Зоран Бочваровски | 03-2808/1 18.05.2020 | 4.500,00 | Кошарка Ракомет | Исплатено |
| Гоце Дуковски | 03-2807/1 18.05.2020 | 5.000,00 | Кошарка Ракомет | Исплатено |
| Александар Аргировски | 03-2802/1 18.05.2020 | 2.000,00 | Одбојка | Исплатено |
| Сузана Здравковска | 03-2813/1 18.05.2020 03-2991/1 20.05.2020 | 4.000,00 3.500,00 | Ракомет Одбојка | Исплатено |

| **ДОГОВОРИ ЗА СУДИИ ЗА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ИГРИ КАРПОШ 2020 (период јануари - јуни)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на решение** | **Износ** | **Договор за** | **Исплатено/Не исплатено** |
| Виктор Стаматоски | 03-2823/1 18.05.2020 | 6.400,00 | Лига ракомет | Исплатено |
| Слободан Чивлачки | 03-3901/1 17.05.2019 | 6.400,00 | Лига ракомет | Исплатено |
| Валентина Радуловиќ | 03-3900/1 17.05.2019 | 6.400,00 | Лига ракомет | Исплатено |
| Бедри Незировски | 03-2816/1 18.05.2020 | 6.000,00 | Лига Одбојка | Исплатено |
| Александар Петрески | 03-2815/1 18.05.2020 | 6.000,00 | Лига Одбојка | Исплатено |
| Славчо Димовски | 03-2817/1 18.05.2020 | 6.000,00 | Лига Одбојка | Исплатено |
| Кристијан Кестев | 03-2819/1 18.05.2020 | 9.600,00 | Лига Кошарка | Исплатено |
| Ема Никоцевиќ | 03-2818/1 18.05.2020 | 9.600,00 | Лига Кошарка | Исплатено |
| Небојша Стојковски | 03-2820/1 18.05.2020 | 9.600,00 | Лига Кошарка | Исплатено |

2. **СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРПОШ КОИ УЧАТ ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

Вкупно беа поднесени 24 апликации, од кои 5 беа одобрени, во висина од 3.000,00 денари имаше 4 ученици спортисти и 1 стипендии по 2.000,00 денари, додека 15 поднесители не ги исполнија критериумите од огласот.

ПРВА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС 3 000,00 ДЕНАРИ (3 И ПОВЕЌЕ БОДОВИ)

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште | Број на бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 55-7343/1 | Јована Јаневска | VIII | ООУ„ Димо Хаџи Димов’’ | 3 бода |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | 55-7358/1 | Никола Шашков | IX | ООУ„Владо Тасевски'' | 3 бода |
| 3. | 55-7347/1 | Катја Ивановска | VIII | ООУ„Војдан Чернодрински'' | 8,5 бода |
| 4. | 53-7320/1 | Брајан Авиа | VIII | ООУ„Лазо Трповски'' | 3 бода |

ВТОРА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС 2 000,00 ДЕНАРИ (ДО 2,5 БОДОВИ )

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште | Број на бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | 53-7226/1 | Јана Божиновска | VIII | ООУ„Војдан Чернодрински'' | 2,5 бода |

УЧЕНИЦИ КОИ НЕ ГИ ИСПОЛНУВААТ КРИТЕРИУМИТЕ

| Реден број | Број на предмет | Име и презиме | Одделение | Училиште |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 55-7328/1 | Матеј Франговски | IX | ООУ„Петар Поп Арсов'' |
| 2. | 55-7402/1 | Марко Блажевски | VIII | ООУ„Димо Хаџи Димов'' |
| 3. | 55-7348/1 | Карло Димевски | IX | ООУ„Владо Тасевски'' |
| 4. | 55-7354/1 | Илин Најков | VIII | ООУ„Петар Поп Арсов'' |
| 5. | 55-7276/1 | Андреј Данчевски | IX | ООУ„Лазо Трповски'' |
| 6. | 55-7130/1 | Ана Божиновска | Гимназија | / |
| 7. | 55-7269/1 | Даниел Исајловски | VIII | ООУ„Христијан Т. Карпош'' |
| 8. | 55-7258/1 | Мила Цоњковска | VIII | ООУ„Војдан Чернодрински'' |
| 9. | 55-7191/1 | Сара Костовска | IX | ООУ„Братство'' |
| 10. | 55-7257/1 | Петар Цоњковски | IX | ООУ„Војдан Чернодрински'' |
| 11. | 53-7108/1 | Ангела Тасовски | VIII | ООУ„Петар Поп Арсов'' |
| 12. | 53-7169/1 | Дамјан Павловски | VIII | ООУ„Петар Поп Арсов'' |
| 13. | 53-7239/1 | Стефан Тодоров | IX | ООУ„Лазо Трповски'' |
| 14. | 53-7244/1 | Јана Милковска | IX | ООУ„Димо Хаџи Димов'' |
| 15. | 53-7212/1 | Нина Лазовска | IX | ООУ„Лазо Трповски'' |
| 16. | 53-7238/1 | Давид Котевски | IX | ООУ„Петар Поп Арсов'' |
| 17. | 55-7341/1 | Марко Ричковски | IX | ООУ„Војдан Чернодрински'' |
| 18. | 53-7224/1 | Јана Богоевска | IX | ООУ„Јан Амос Коменски'' |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 19. | 55-7383/1 | Максим Франговски | VIII | ООУ,,Петар Поп Арсов'' |

## 3. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ И РЕКРЕАТИВЦИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

Оваа финансиска поддршка се доделува на спортисти, рекреативци кои се занимават со спортско рекреативна активност. Оваа финансиска подршка е наменета за припреми, учество на домашни и меѓународни натпревари, спортски кампови, организирање на разни спортски активности, турнири, спортски манифестации и за остварување и реализирање на предвидените и зацртаните спортски програми на спортистите кои не се опфатени со оваа програма во висина до 30.000,00 денари. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе ја определува комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од советниците во советот на општината).

| **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОДРШКА ЗА 2020 ГОДИНА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Име и Презиме** | **Бр. на решение** | **Износ** | **Еднократна подршка** |
| Ерди Зекири | 11-223/2 27.05.2020 | 30.000,00 | Меѓународни натпревари и индивидуална подготовка |
| Енер Зекири | 11224/2 27.05.2020 | 30.000,00 | Меѓународни натпревари и индивидуална подготовка |
| Берк Бугариќ | 11-1019/2 27.05.20200 | 30.000,00 | Тениски турнири во Турција, Словачка и Шпанија |
| Тео Радуловиќ | 11-1224/2 27.05.2020 | 30.000,00 | Поддршка за учество на меѓународни натпревари во ракомет |
| Бранислав Пеликон | 11-1023/2 27.05.2020 | 30.000,00 | Поддршка за искачување на планински врвови во нашата држава и на меѓународно ниво |
| Катја Танаскоска | 11-1029/2 27.05.2020 | 30.000,00 | Поддршка за пливачки меѓународни натпревари |
| Михајло Михајловски | 11-6005/2 13.10.2020 | 15.000,00 | Поддршка за тренинзи, спортска опрема и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | натпревари во карате |
| Катја Ивановска | 11-5662/2 13.10.2020 | 15.000,00 | Поддршка за тренинзи, спортска опрема и натпревари во тенис |
| Зара Зафировска | 11-5983/2 13.10.2020 | 15.000,00 | Поддршка за тренинзи, спортска опрема и натпревари во тенис |
| Горазд Дамчевски | 11-5229/2 13.10.2020 | 30.000,00 | Поддршка за тренинзи, спортска опрема и натпревари во ракомет |
| Оливера Наумовска | 11-6025/2 13.10.2020 | 20.000,00 | Поддрашка за меѓународен камп во Ровин Хрватска |
| Ангела Прилепчанска | 11-4921/2 13.10.2020 | 30.000,00 | Поддршка за патување на меѓународен камп ИСУ во Сараево |
| Васил Наумовски | 11-6024/2 од 13.10.2020 | 20.000,00 | Поддрашка за меѓународен камп во Ровин Хрватска |
| Матеј Ангелов | 11-1768/2 13.10.2020 | 15.000,00 | Поддршка за тренинзи и спортска опрема |
| СКК Карпош | 11-5972/2 13.10.2020 | 15.000,00 | Поддршка за организирање на традиционално првенство во спортско качување Атомска Мравка првенство на Југо Источна Европа |
| Мартин Ангелов | 55-8457/1 29.12.2020 | 30.000,00 | За спортска опрема и учество на Маи Таи турнири |
| Горан Главинац | 55-7979/1 10.12.2020 | 15.000,00 | Подршка за пријавување на дело Дописниот шах во Македонија |
| Даниела Блажевска за Марко Блажевски | 55-7985/1 10.12.2020 | 30.000,00 | Спортска опрема и дополнителни индивидуални тренинзи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Стојчевски Павле | 55-7280/1 18.11.2020 | 30.000,00 | Учество на пливачки турнир, дополнителни тренинзи и опрема за тренирање |
| Виктор Михајловски | 53-6501/1 29.10.2020 | 5.000,00 | За планинарска опрема |
| Мила Цоњковска | 55-7716/1 02.12.2020 | 30.000,00 | Опрема за бадминтон и учество на меѓународни турнири |
| Максим Франговски | 55-7546/1 26.11.2020 | 12.000,00 | Учество на фудбалски турнири и купување на спортска опрема за индивидуални тренинзи |
| Матеј Франговски | 55-7547/1 26.11.2020 | 12.000,00 | Учество на фудбалски турнири и купување на спортска опрема за индивидуални тренинзи |
| Сашо Кировски за Константин Кировски | 55-7562/1 26.11.2020 | 15.000,00 | Спортска опрема и учество на турнир |
| Сара Костовска | 55-7610/1 30.11.2020 | 15.000,00 | Спортска опрема за бадминтон и учество на меѓународни турнири |
| Татијана Топаловска за Теона Топаловска | 55-6213/1 20.10.2020 | 20.000,00 | Учество на турнири во женско борење, спортска опрема и дополнителни тренинзи |
| Татијана Топаловска за Леона Топаловска | 55-6212/1 17.12.2020 | 20.000,00 | Учество на турнири во женско борење, спортска опрема и дополнителни тренинзи |
| Петар Заборски | 55-8178/1 17.12.2020 | 30.000,00 | Учество на карате турнири, спортска опрема и индивидуални тренинзи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Симона Заборска | 55-8179 17.12.2020 | 30.000,00 | Учество на карате турнири, спортска опрема и индивидуални тренинзи |
| Сара Радичевска | 55-8185/1 17.12.2020 | 30.000,00 | Учество на карате турнири, спортска опрема и индивидуални тренинзи |
| Јован Чурлинов | 55-7432/1 23.11.2020 | 30.000,00 | Индивидуални тренинзи и спортска опрема |
| Петар Цонковски | 55-7717/1 02.12.2020 | 30.000,00 | Спортска опрема и учество на меѓународни турнири |
| Спортски центар Форца | 55-8456/1 29.12.2020 | 30.000,00 | Реализација на проект Форца фора за развој на психомоториката кај децата |
| Даниел Исајловски | 55-7913/1 09.12.2020 | 20.000,00 | Спортска опрема за фудбал и учество на меѓународни турнири |

## *4.* ДЕЛФИНИТЕ ОД КАРПОШ ПЛИВАТ

Проектот кој го овозможи Општина Карпош во изминатата 2020 успешно ја реализираше почетната програма почнувајќи со активирање на пливачи од најмалата возраст за нивна обука, техника во пливањето, до преднатпреварувачка фаза. За реализација на ваквата активност потребни беа услови кој ни беа дозволени во СЦ Борис Трајковски кој се со висок критериум. Со ова сакам да нагласам дека основни се условите како би можеле да направиме еден проект како што е наведениот. За реализација на истиот требше да се направат големи остапки пример како бесплатана членарина за неколку месеци за привлекување на деца, агитирање кај родители, пријатели, роднини, а понатаму со својата професионалност, пристап подигнување на самата свест кај децата, родителите да увидат дека самиот план е професионален и дека нивните деца можат забрзано да напредуваат, да се социјализирааат и да напредуваат во својот психофизички развој.

За реализацијата на овој проект неопходни беа тренери кој со својот професионален пристап, високи критериуми кој ги поставија кон самите пливачи, посебно кон пливачите почетници со самото долгогодишно искуство во пливањето, добиените дипломи од адекватната институција високо образование направија една база од која релативно младата школа за пливање, самата Општина Карпош, граѓаните кој живеат во неа можат преку спортот да се развиваат во здрави личности а со тоа една социјализација, психофизички развој на децата. За овој цел проект за да се реализира неможе без адекватна финанссиска подршка која ја додоели Општина Карпош и која секогаш нема да биде доволна или мора да се обновува од причини што ваквиот проект бара константни вложувања како што беа во случајов.

Мора да се напомене и истото е битен фактор кој негативно влијаеше на целиот проект, а тоа е COVID19, кој направи негативна пресвтртница. Истото се однесува на ангажирање на дечиња пливачи, правење финасиска конструкција, вложување и финансисрање на замислениот проект во однос на ангажирање тренери, договор за закуп термини во СЦБТ, инвестирање во потребни реквизити, купување на одредени средства за дезинфекција ,заштитни маски, комуникација со родители (убедување дека децата се максимално заштитени во однос на другите пливачи), условите во базенот СЦБТ, што значи од влегувањето во базенот до излегувањето од него со многу разговори околу социјалната грижа со дадените препораки од надлежните институции надвор од пливачкиот центар.

И под таквиот притисок пливачката школа Делфини Спорт Скопје успеа да опстои со редуциран број на дечиња пливачи и да го исполни, планот, проектот кој беше зададен.

Секако за истото беа потребни финасиски средства кој беа насочени за:

-редовно плаќање на ф-ри кон СЦБТ

-реквизити кој беа купени пред COVID 19 кризата, како и по продолжувањето на активностите после прекинот направен од надлежните институции.

-повторно агитирање кај родителите и привлекување на децата почетници , без месечни обврски, плаќање како би ги натерале да дојдат а со тоа створиме навика за безбедно пливање, флексибилност на самата школа која како нова, млада и во однос на дадената помош од Општина Карпош има желба да ги активира децата од Општината и има желба за реализација на проектот.

-ангажирање на високо професионални тренери со адекватно образование и со потребно долгогодишно искуство иако бројката на деца е намалена во однос на замислениот план и

-организирање во однос на земање и враќање на дечиња од нивните домови до пливачкиот центар и нивно враќање.

## 5. МЕМОРИЈАЛЕН ТУРНИР “ТОШЕ ПРОЕСКИ 2020“

Здружението Мандра, Подрачнаединица Карпош од Скопје, и оваа година по едионаесети пат го организира Меморијалниот турнир “Тоше Проески 2020“.

Турнирот се реализира благодарејки на разбирањето и сесрдната финансиска подршка во износ од 300.000,00 денари на покровителот општината Карпош од Скопје, како и други спонзори.

Турнирот се организираше во спортската сала Форца од Скопје во деновите 24, 25 и 26 јануари 2020 година.

Програмските активности се одрвиваа по следниот редослед:

1. 24.01.2020 година (петок) од 18:00 до 20:00 часот во Хотел Александар Палас Скопје, се пречекаа и сместија учесниците од екипите на Нова Градишка, Хрватска и Корча, Албанијаи и дел од екипата на Крушево.
2. Во 20:00 часот во Хотелот Александар Палас од Скопје, се изврши жребење и се утврдија паровите за редоследот за одигрување на првите четири пара за четирите натпревари, а потоа за сите учесници и присутни гости имаше организиран коктел, на кој што ги забавуваше бендот БОНА ДЕА од Скопје.
3. На ден 25.01.2020 год. (сабота), во спортската сала Форца од Скопје, во 10:00 до 10:10 часот Александра Станкјовска од групата Бона Деа со поема преку стихови и песна ја изразија почитта кон ликот и делото на Тоше Проески, а по нив градоначалникот на општина Карпош г-дин Стефан Богоев ги поздрави присутните гости, публиката и учесниците и го прогласи турнирот за отворен.
   Од 10:30 до 13-20 часот се одиграа четвртфиналните натпревари.
   Од 13:30 до 16:45 часот имаше пауза, која се искористи за ручек за сите учесници.
   Во попладневните часови од 17:00 – 18:20 часот се одиграа полуфиналните натпревари.
   После 20:00 часот, во тенискиот клуб на Хотел Александар Палас беше организирана забава и коктел за сите учесници играчи на турнирот.
   За дел на играчите од екипата на Крушево и играчите од Штип кои настапуваа за екипата на Мандра, се организира сместување во "Македонијатурист"- Скопје, хотел Водно.
   За раководствата на сите екипи и организаторите се организираше вечера во гостилницата "Национал" од Скопје.
4. Во недела на 20.01.2019 година од 10:00 – 10:35 часот се играа натпреварите за освојување на третото место, а од 10:45 – 11:30 се играше финалниот натпревар.
5. По завршувањето на натпреварите во 13:00 часот во хотел Алчександар Палас Скопје, се организира свечен ручек за сите учесници, а непосредно пред да се сервира ручекот беа деделени пехарите за прво, второ и трето место, пехар за фер плеј екипа, пеахар за најдобар стрелец и пехар за најдобар фудбалер, како и благодарници за учесниците на турнирот, покровителот, спонзорите и медиумските подржувачи.

6. **СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СКИ УЧИЛИШТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЗИМСКИОТ РАСПУСТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАРПОШ**

Врз основа на предвидената и планираната програма за субвенционирање на ски училиште за време на зимскиот распуст за учениците од основните училишта на територијата на Општина Карпош, истата беше организирана и реализирана во две смени. Од 8 до 13 јануари ( ООУ Јан Амос Коменски и ООУ Петар Поп Арсов) и од 13 до 18 јануари (ООУ Димо Хаџи Димов, ООУ Братство, ООУ Христијан Тодоровски Карпош, и ООУ Вера Циривири Трена. Сите ученици посетители беа сместени во хотел Три планини. По пристигнувањето и сместувањето во хотелот, учениците добија скијачки кондури, скии, стапчиња за скијање, кациги за скијање и маркери за

обележување за секое дете. Додека траеше смената сите ученици со инструкторите со организиран прввоз се носеа на ски терените. Секое дете имаше бесплатна ски карта за целиот престој. Таму инструкторите вршеа обука и подобрување на ски техниката кај учениците. На ски терените кога беше време за ручек учениците добиваа сендвичи, чај, вода, сок и десерт. По завршувањето на ски обуката учениците со организиран превоз се враќаа во хотелот. По враќањето во хотелот, учениците користе бесплатен базен и сауна.

## 7. АКТИВНОСТИ И ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРИРОДА

Здружението ЗАБАВА И СПОРТ има аплицирано за финансиска помош на оглас објавен од Општина Карпош-Скопје во областа на спортот и доби средства за реализација на проектот Активности и ориентација во природа кој го спроведе и до крај изреализира во 2020 година.

Реализацијата на проектот беше замислена и реализирана на територијата на општина Карпош као една од најпогодните општини за реализација на ваков проект. Проектот се реализираше на неколку локации: дел од Водно во подножјето кај Угостителското училиште, кеј на реката Вардар и спортки игралишта во Влае и Крпош 3. Во реализација на проектот беа вклучени повеќе стручни лица, професори со завршен Факултетот за физичко образование, спорт и здравје од Скопје.

Сетоа ова, се разбира, немаше да може да се реализира без финансиската помош од Општина Карпош на која сме неизмерно благодарни што покажа интерес за ваков вид на проекти и покажа дека се грижи за своите жители.

Потребата од овој проект се покажа дека е многу поголема од очекуваното. На младите им беше голема непозначаница природата и престојот во неа, како и што све може да да им понуди но и кои се опасности може да им ги приреди. Од големо значење е да се знаат основните принципи за ориентација во природата како и кои се активности може да се применат во истата. Да им се покаже како се реализира настава во природа, па се до професионални експедиции од научен карактер и разни спортски активности на планина или во вода, во различни временски услови.

Да им се објасни на децата кои се обллици на планинарење или одење во природа пстојат, дали станува збор за организиран излет или екскурзија,кампување или логорување, дали е индивидуално или колективно и како сето тоа се организира.

Да се посочи кај младите како се бира местото за престој, поставување на шатори за кампирање, палење на огин, спремање на јадење, дружба па се до ориентација и преживување во природа.

Но прво и основно е дека целта на овој проект е да им се објасни на младите учесници дека чувањето на природата е од витално значење за човекот поради сето тоа што таа ни го дава за возврат.

Проектот Активности и ориентација во природа е проект кој беше осмислен и проектиран да помогне на младите да се снајдат во различни услови како да преживеат во природа. Сите анализи направени покажуваат загрижувачки факти дека младите немаат никакво познавање од областа на кампирање, ориентација, логорување и останатите активности кои се прават во природата. Тоа пред се должи на недоволната едукација во училиштата и немање на практична настава за ваквите активности кои порано беа присатни во образовниот систем. Поради тоа сме

приморани на ваков начин со воннаставни активности да ги запознаеме младите со сите овие за нив многу битни работи.

Секој од нас барем еднаш во животот, а сигурно и повеќе пати бил во природа, на планина, езеро, река, на скијање, пливање, планинарење каде секого му се случило да времето се смени нагло и премине во невреме.Тогаш е потребно да се имаат основни познавања кои ќе ви помогнат во надминување на таквите ситуации и да правилно постапите за да не биде загрозена вашата безбедност. Постапките кои со овој проект ги научиа учесниците во овој проект можат да ги спасат од многу опасни и сериозни ситуации. Знаењето кое го стекнаа можат да го користат и пренесуваат понатаму во секоја понатамошна активност која ќе ја имаат.

Реализирани активности на проектот

- Посета на местата за реализација,
- Изготвување на рекламен материјал,
- Контакт со службени лица од областа на здравството,
- Утврдување на датум време на одржување,
- Состанок со стручните лица,
- Реализација на ативностите,
- Состанокот и дебата за сработеното,сумирање на резултатите и делење на искуства

Со успешна реализација на овој проект и според сите показатели и искуства собрани во покасните анализи дојдовме до заклучок дека е потребно повеќе проекти кои на младите ќе им го објаснат она кое не е застапено во образовниот процес, а е од витално значење за нив. Практичната настава е многу битна за полесно да се совладаат техниките кои ќе им бидат презентирани.

Односот и интересот на сите учесници во проектот беше на високо ниво и посебно фасцинира посветеноста и сериозниот пристапна толку млади луѓе како и леснотијата со која ги совладуваа сите зададени задачи. Општина Карпош треба да се горедее со вакви млади генерации и треба да вложува во нив.

НАПОМЕНА

Активности, односно проекти кои не се организирани и реализирани од програмата за дејност спорт за 2020 година, поради светската пандемија COVID - 19 (Корона вирус) се: Трофеј Карпош 2020, Меморијален турнир во мал фудбал Оливер Соколов Сокол, Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош и Спортско рекреативни игри на пензионерите.

Од таа причина од страна на советот на Општина Карпош беше донесена одлука, со кое е направено поништување на предвидените финансиски средства на горе споменатите проекти.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/11**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 и точка 9, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за детска, социјална и здравствена заштита.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/15**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Согласно со Програмата за активностите на Општина Карпош од обласда на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година, Одделението за детска, социјална и здравствена заштита во поголем дел ги реализираше предвидените активности, некои во по скратена форма од предвидената, заради новонастанатата состојба со COVID 19 .

1.**Проектот за вклучување на сите деца од предучилишна возраст во воспитно - образовниот процес :**

***- Инклузија на деца од ромската популација во ЈОУДГ „ Пролет“***

Општина Карпош во соработка соработка со Министерството за труд и социјална политика веќе 16 години е партнер и успешно го спроведува овој проект.

Поради непостоење на предучилишна установа во населбата Злокуќани, децата од оваа населба се згрижуваат во ЈУОДГ „Пролет‘‘ во населбата Влае 1.

Преку воспитно - образовни програми кои што се реализираат за предучилишно воспитување и образование се вклушуваат децата од ромската популација. Во групите каде што престојуваат децата особено внимание се посветува на едукативно - социјалните активности.

Целта на проектот е вклучување на сите деца од општината во воспитно образовниот процес, особено на децата од ромската популација, заради интегрирање во социјалниот живот, подготовка за вклучување во воспитно - образовниот процес, а намалување на девијантните појави.

- ✓ **Предвидени финансиски средства за**

  **- превоз и**

  **- целосно подмирување на трошоците за згрижување на 15 деца вклучени во проектот „Инклузија на деца роми‘‘**

  **600 000, оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **600 000, оо денари**

**Реализатор: Општина Карпош**

2. **Одбележување на 3-ти Декември – Денот на лицата со попреченост под мотото *„Сите сме исти, сподели среќа“***

По повод 3 – ти Декември – Денот на лицата со попреченост, Општина Карпош секоја година го организира одбележувањето на овој Светски ден под мотото „Сите сме исти, сподели среќа“.

Оваа година заради условите со пандемијата, Општина Карпош ги следеше препораките на Комисијата за заразни болести која забрани групирање на лица во затворен простор, и согласно со препораките не се организираше средба со лицата со попреченост и нивните родители со Градоначалникот, советниците и општинската администрација. Сепак, на 154 лица се додели финансиска помош во висина од 3 000,оо денари која е предвидена во годишната Програма на одделението за детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година, и со тоа на симболичен начин ѝм го честита празникот.

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **550 000, оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **513 000, оо денари**

**Реализатор: Општина Карпош**

3. ***„Советувалиште на жени и деца жртви на насилство и семејно насилство* " – Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.**

Совтувалиштето за жени и деца жртви на насилство и семејно насилство е отворено во Март 2020 година и е лоцирано на ул. Коста Кирков бр.5 - Центар Скоје. Раководено е од Националната Мрежа Против Насилство врз жени и семејсно насилство и има ангажирано тим од даватели на услуги: социјална работничка, психолог/психотерапевт и правна советничка. Советувалиштето е физички одвоено од канцелариите на Мрежата кој се наоѓаат на истата локација, има посебен влез за да обезбеди анонимност и доверливост на корисниците кој го посетуваат.

Во советувалиштето се обезбедуваат следните услуги:

- Советување за остварување социјални права со поддршка од социјална работничка
- Психосоцијално и психолошко советување со психолог/психотерапевт.
- Правна помош и поддршка од правничка
- Упатување и придружба до други институции и организации
- Економско јакнење и менторство при вработување

  Во периодот Март-Мај 2020 година поради состојбата со COVID 19 услугите се обезбедуваа телефонски и он-лајн, и по укинување на вонредната состојба од Јуни 2020 година услугите се обезбедуваа во канцелариите на Националната мрежа до Септември 2020 година.

  Посебните простории каде што е лоцирано Советувалиштето се отворени во Септември 2020 година.

  Во периодот Март-Ноември 2020 година во рамките на Советувалиштето беа реализирани вкупно 840 услуги за 145 корисници од кои 56 жени и 88 деца. Биле обезбедени 620 услуги од социјален рабоотник 105 услуги од психолог/психотерапевт и 115 од правна советничка.

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **200 000,оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **200 000,оо денари**

**Реализатор : Национална мрежа против насилството врз жени и семејното насилство**

***4. Посета на Геронтолошкиот завод 13 – ти Ноември, оддел „ Мајка Тереза" – Злокуќани.***

Планираната посета на Градоначалникот и вработените од одделението за детска, социјална и здравствена заштита која што изминатите години по повод „3 ти Ноември‘‘ денот на општината и патронатот на Геронтолошкиот завод „13 ти Ноември‘‘, го посетуваа Старскиот дом „Мајка Тереза‘‘ во Населбата Злокуќани оваа година не се реализираше заради настанатата пандемија.

Сепак се обезбедени пет поголеми пакети - за сите стари лица кои што се сместени во старскиот дом. Пакетите содржат трајни прехрамбени продуктини средства за лична хигиена и дезинфекција.

Во соработка со Црвен Крст на Град Скопје пакетите беа доставени до Старскиот дом „ 13 Ноември' во Злокуќани.

Пет поголеми пакети беа обезбедени и за СОС детското село во населбата Бардовци, и овие пакети ги достави Црвениот Крст на Град Скопје.

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **30 000,оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **30 000,оо денари.**

**Реализатор : Општина Карпош**

**5.** ***Превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите.***

Овој проект не се реализираше заради пандемијата од COVID 19

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **170 000,оо денари**

- ✓ **Нереализирани финансиски средства:**

  **170 ,000,оо денари.**

**Реализатор : Здружение на психотерапија и едукација „АМИГДАЛА‘‘**

6. **Поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита:**

**6.1 *„Зајакнување на капацитетите кај професионалците за проблемите и потребите на децата со аутистичен спектар на нарушувања, во предучилишните и училишните установи“.***

Општина Карпош во соработка со Македонското научно здружение за Аутизам го реализираше проектот со предучилишните и училишни установи на територијата на Општина Карпош.

Програмските модули на оваа активност се реализираа во декември 2020 година, при што беа спроведени 10 циклуси обуки преку ЗУМ платформата. Во проектот беа вклучени градинките „Мајски Цвет, „Пролет“ и „Распеана Младост“ а од училиштата беа опфатени ООУ „Владо Тасевски“, ООУ „Аврам Писевски“ а до крајот на јануари 2021 година ќе бидат опфатени и ООУ „Вера Циривири Трена“ и ООУ „Лазо Трповски“.

На семинарот беше вклучен стручниот и воспитно-образовниот кадар во градинките. Проектот е во тек.

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **220 000,оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **220 000,оо денари**

**Реализатор: Македонско Научно Здружение за Аутизам**

**6.2 *„Компостирање- предизвик на нашето секојдневие“***

Во рамките на проектот се планира набавка на современ апарат од компанијата Оклин за компостирање на отпадоци од храна. Веднаш по доставата на машината ќе се одржува обука за начинот на работа за вработените во градинката. Стекнатите вештини во текот на обуката наставниците ќе ги пренесуваат на децата и постојано ќе потсетуваат на значењето на компостирањето. За време на користење на апаратот на наставниците континурано ќе им бидат доставувани најнови информации поврзани со обработката на органскиот отпад, кој ќе ги добиваме од производителот на компостерот. Проектот е во тек.

- ✓ **Предвидени финансиски средства :**

  **140 000,оо денари**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **140 000,оо денари**

**Реализатор: Гален -Пром ДООЕЛ, Скопје**

7. ***Обновување и унапредување на дидактички материјали во Јавните установи општински детски градинки***

Целта на оваа програмска активност има повлекување на старите играчки и снабдување на градинките со нови дидактички материјали изработени од еко материјали. Со тоа се подобрува воспитно-образовната работа, подобрување на психо-физичкиот развој, вежбање за оддржување на дистанца помеѓу децата и други активнсоти за децата од предучилишна возраст.

- ✓ **Предвидени финансиски средства:**

  **100 000, оо ден.**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **100 000, оо ден.**

**Реализатор : Општина Карпош**

***8. Контрола и безбедност на храната во предучилишните установи***

Систематски контроли за безбедност на храната преку теренски активности и контрола на бројот на оброците кои се приготвуваат во ЈОУДГ. Координација со персоналот во градинките, нивно доусовршување и решавање на проблеми од оваа област.

- **Нема финансиска рамка**

***9. Членство на Општина Карпош во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) – Франкфурт, Германија.***

Општина Карпош е прва институционална членка во Светот во оваа престижна организација веќе 10 години. Бенефитите од ова членство општината ги чувствува во соработката преку претставниците на оваа организации во делот од организирање работилници, семинари, конгреси преку здобивање на знаења и следење на Европската законска регулатива. Објавувањето на трудови од областа на безбедност на храна и развој на предучилишните и училишните установи придонесува афирмирање на општината во светски рамки.

- ✓ **Предвидени финансиски средства:**

  **30 500, оо ден.**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **30 500, оо ден.**

**Реализатор : Европско тело за хигиенски инжинеринг и дизајн**

**10. Информативни средби и меѓуопштинска соработка на општините на територија на Град Скопје за придобивките од членството од EHEDG и контролата и безбедноста на храната.**

Активноста не беше реализирана заради пандемијата на Ковид 19.

***11. Парична помош за лица/семејства во социјален ризик***

Еднократна парична помош се доделува еднаш во годината на лица/ семејства во состојба на социјален ризик, лекување и елементарна непогода.

За остварување на право за ваков надоместок потребно е да се достави соодветна документација. Комисија составена од советници и вработени од општинска администрација ги разгледуваат барањата ( административните работници прават увид во домот набарателот) и одлучуваат за висината на паричната помош.

Покрај паричната помош на граѓаниуте им се пружаат и други видови на поддршка и тоа: психо-социјална помош, упатување во соодветна институција и решавање на нивните проблеми кои што се во ингеренции на општината.

- ✓ **Предвидени финансиски средства:**

  **3 000 000, оо ден.**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **2 750 000,оо ден.**

**Реализатор : Општина Карпош**

12. ***Парична помош за секое новородено - посвоено дете на територијата на Општина Карпош***

Еднократна парична помош во висина од 4.000.оо денари се доделува на секое новородено/посвоено дете согласно утврдените критериуми по програмата од одделението за детска, социјална и здравствена заштита.

- ✓ **Предвидени финансиски средства:**

  **400 000, оо ден.**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **222 200,оо ден.**

**Реализатор : Општина Карпош**

**13.** ***Хуманитарна акција – Подај рака, донирај за својот сосед“***

Преку овој проект беа планирани две хуманитарни акции но заради настанатата пандемија се промени начиноит на организирање на истата. Заради општата безбедност при доставување на хуманитарни пакети со храна и хигиенски средства во соработка со Црвен Крст на Град Скопје беа организирана две хуманитарни акции.

Општина Карпош обезбеди финансиски средства во износ од 160.000,оо за реализирање на истите. Во секоја од нив беа дистрибуирани по 80 пакети за семејства кои во моментот се нашле во состојба на социјален ризик од нашата општина.

- ✓ **Предвидени финансиски средства:**

  **160 000, оо ден.**

- ✓ **Реализирани финансиски средства:**

  **160 000,00ден.**

**Реализатор: Општина Карпош**

**Вкупно предвидена финансиска рамка во Програмата: 5 385 500,оо денари**

**Реализирани финансиски средства: 4 965 700,оо денари**
**Останати финансиски средства: 419 800,оо денари**

**ЗАКЛУЧОК:**

Покрај долгиот период на пандемијата од COVID 19 се направија максимални заложби да се реализира што поголем број од проектите предвидени во програмата за Детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година.

Во тек на пандемијата се превземаа и многу активности кои се надвор од програмата повеќето во организирањето на затворањето и отворање на ЈУОДГ ( заради пандемијата), нивна дезинфекција (кујни, снитарни чворови, ентериерот, дидактичкиот материјал и друго.) и усогласување на протоколите за работа пропишани од Министерството за труд и социјална политика.

Сеуште се следат и евидентираат позитивните лица и деца (од градинките) од корона вирусот, а информациите се проследуваат до надлежното министерство.

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита ќе продолжи и во иднина да ги планира и унапредува програмските и вонпрограмските активности со цел подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи на граѓани во нашата општина (најмладите, социјално-загрозените, болни лица, лица со попреченост, пензионери).

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/12**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8,член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/29 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за дејности од јавен интерес, Одделение за образование.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/16**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Општината Карпош во дејноста образование, својата годишна програма ја реализираше како организатор и покровител на повеќе активности и манифестации кои се од јавен интерес за децата, младите и воопшто за граѓаните на Општината.
Покрај предвидените активности од Програмата, во текот на јануари-декември
2020 година беа остварени и низа други активности кои сами по себе произлегоа како потреба за да се оствари образовната, здравствената и воспитната компонента кај учениците во основните училишта на територија на општина Карпош.

**РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИОД ПРОГРАМАТА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

1. **Бесплатни ужинки за ученици**

Општина Карпош и во второто полугодие од учебната 2019/2020 година продолжи со обезбедување на бесплатни ужинки за учениците од основните училишта, заради подобрување на квалитетот на живеење на жителите на Општината и поддршка на учениците и нивните родители.
Добавувач на ужинките е Ванила Фуд Доо, кој секој месец за основните училишта во општина Карпош доставува ужинки за ученици од 1 до 3 одделение.
Општина Карпош субвенционира ужинки за ученици од 1 до 9 одделение во висина од 50% од месечниот надоместок и тоа: второто полугодие од учебната 2019/20 учениците во сите училишта наставата се следеше он-лајн, додека во првото полугодие од учебната 2020/21, ужинка земаат само учениците од 1-3 одделение кои следат настава со физичко присуство.

**Реализатор: Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 3.600.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 2.400.000,оо**
**Останати финансиски средства: 1.200.000,оо**

2. **Бесплатни излети за ученици од I до IX одделение за учебната 2018/19 и од Iдо IX одделение за учебната 2019/20 година**

Бесплатните излети за ученици од 1 до 9 одделение за учебната 2019/20 година не се одржаа. Поради прогласување на вонредна состојба во Република Северна Македонија заради епидемијата

со КОВИД 19 беа забранети сите екскурзии, излети, летувања, зимувања, кампување, логорување и други слободни ученички активности кои се однесуваат за основните и средните училишта.

**Реализатор: Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 4.500.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 1.733.793,оо**
**Останати финансиски средства: 2.766.207,оо**

3. **Доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на општина Карпош за учебната 2020/2021 година**

Програмата за дејноста образование и во 2020 година предвиде доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош на ученици од 8 и 9 одделение кои посебно се истакнуваат и постигнуваат резултати во областа на науката, техниката, културата и уметноста.
Огласот за доделување стипендии на талентирани ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош за 2020/2021 година беше објавен во два дневни весници, на кој поднесоа барање 60 ученици од општиските основни училишта.

По разгледување на барањата комисијата согласно критериумите за доделување стипенди утврди 21 одобрени, од кои 14 од прва категорија и 7 од втора категорија.

Висината на стипендиите за учебната 2020/2021 година изнесува:

- 3 000, 00 денари месечно за прва категорија
- 2 500, 00 денари месечно за втора категорија

Добитници на стипендии од **Прва категорија** во износ од 3.000 денари месечно се:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Марко Серафимовски | 8одд | Владо Тасевски | 41 |
| 2. | Јана Руфческа | 8одд | Лазо Трповски | 31 |
| 3. | Јован Велковски | 8одд | Јан Амос Коменски | 28 |
| 4. | Амелија Дуганова | 8одд | Петар Поп Арсов | 23 |
| 5. | Ана Николовска | 8одд | Петар Поп Арсов | 21 |
| 6. | Ивона Филев | 8одд | Јан Амос Коменски | 20 |
| 7. | Петар Јаневски | 9одд | Владо Тасевски | 20 |
| 8. | Филип Тримоски | 8одд | Лазо Трповски | 13,5 |
| 9. | Андреј Крстевски | 9одд | Владо Тасевски | 13,5 |
| 10. | Јана Толевска | 9одд | Владо Тасевски | 13 |
| 11. | Павел Руфчевски | 8одд | Лазо Трповски | 12 |
| 12. | Мила Јовановска | 9одд | Христијан Тодоровски Карпош | 11,5 |
| 13. | Ангела Јанева | 8одд | Јан Амос Коменски | 11 |
| 14. | Стефан Брезовски | 9одд | Владо Тасевски | 10,5 |

Добитници на стипендии од Втора категорија во износ од 2.500 денари месечно се:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Матеј Костов | 8одд | Јан Амос Коменски | 10 |
| 2. | Мартин Кироски | 9одд | Христијан Тодоровски Карпош | 9,5 |
| 3. | Стефан Крстевски | 8одд | Јан Амос Коменски | 9 |
| 4. | Маша Блажева | 9одд | Димо Хаџи Димов | 8,5 |
| 5. | Нина Зикова | 9одд | Христијан Тодоровски Карпош | 8 |
| 6. | Михаела Белдедовск | 8одд | Петар Поп Арсов | 7,5 |
| 7. | Јана Николовска | 9одд | Димо Хаџи Димов | 10 |

Иднината на Карпош се младите. Затоа тие завземаат централно место во сите планови, планирани манифестации и активности во општината.
Општината секогаш ќе ги поддржува младите во нивниот напредок и развој, и за таа цел воведе годишни стипендии со што уште повеќе ќе ги поттикнува да вложуваат за надградување на својот талент за подобра иднина.

**Реализатор : Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 1.000.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 0,оо**
**Останати финансиски средства: 1.000.000,00**

### 4. Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба и првенците на генерација

Летен одмор за ученици од семејства во потешка материјална состојба и првенците на генерација не се одржаа. Поради прогласување на вонредна состојба во Република Северна Македонија заради епидемијата со КОВИД 19 беа забранети сите екскурзии, излети, летувања, зимувања, кампување, логорување и други слободни ученички активности кои се однесуваат за основните и средните училишта.

**Реализатор:Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 1.750.000,00**
**Потрошени финансиски средства: 0,00**
**Останати финансиски средства: 1.750.000,оо**

5. **Награди за полуматуранти - првенци на генерација**

Во дворот на Општината Карпош, во услови на КОВИД19 со строго почитување на мерките Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев им додели пофалници на најдобрите ученици – првенци на генерација од сите основни училишта во Карпош, како и парична награда од 10.000 денари.
Првенецот на генерација го избира секое училиште посебно, односно се формира комисија која што го прави изборот, според пропишани критериуми (успех, поведение, освоени награди, дипломи и сл.)
Целта на одлуката на Советот на Општина Карпош да им се доделат на учениците парични награди и признанија е да се мотивираат најдобрите ученици. На тој начин, Општината, како општествено одговорна институција, го стимулира напредокот кај учениците и ги мотивира за учество на натпревари, конкурси и изложби на државно и меѓународно ниво.
Десет најдобри полуматуранти – првенци на генерација во учебната 2019/2020 година се:

| ООУ | Име и презиме на ученикот |
|---|---|
| **Братство** | Дариа Солева |
| **Јан Амос Коменски** | Софија Велковска |
| **Владо Тасевски** | Елена Андоновска |
| **Којдан Чернодрински** | Калина Пејовска |
| **Христијан Т.Карпош** | Дариа Ефтимова |
| **Вера Ц.Трена** | Ивана Димитрова |
| **Лазо Трповски** | Марија Моцан |
| **Петар Поп Арсов** | Евгенија Несторовска |
| **Аврам Писевски** | Марко Крстевски |
| **Димо Хаџи Димов** | Оливера Николовска<br>Васил Николовски |

**Реализатор:Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 120.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 120.000,оо**
**Останати финансиски средства: 0,00**

6. **Одбележување на 1 септември „ПРВ УЧИЛИШЕН ДЕН“ - Ден на првачињата**

На 01.10.2020 година, во сите десет основни училишта на Општина Карпош започна новата учебна 2020/2021 година. Во училиштата на територија на општина Карпош се запишаа вкупно 700 првачиња. Сите првачиња во согласност со сите протоколи беа пречекани од страна на наставниот кадар на училиштата и им беше посакано добредојде.
На отворен простор,со поздравен говор од вработените, министерката за образование и претседателот на Владата на РС Македонија беа поздравени првачињата од ООУ „Јан Амос Коменски“. Топло добредојде им посака и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

На секое прваче од страна на општина Карпош му беше доделен подарок ранче со училишен прибор, односно беа поделени вкупно 357  за момчиња и 343 за девојчиња.

**Реализатор:Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 300.000,оо**
**Потрошени финансиски средства:296.411,оо**
**Останати финансиски средства: 3.589,оо**

7. **Хорски натпревар меѓу училиштата**

Хорскиот натпревар оваа година не се реализираше. Со одлука на Владата на РС Македонија се прекина воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, основни и средни училишта и високо – образовни установи и во јавните научни институти на територијата на Република Северна Македонија. Се прекинаа и сите воннаставни или дополнителни слободни ученички актиности.

**Реализатор:Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 40.000,оо**
**Потрошена финансиски средства: 0,оо**
**Останати финансиски средства: 40.000,0**

8. **Поддршка на проекти од областа на образованието**

**Финансиска поддршка на проекти, едукации, доедукации, усовршувања и учества на натпревари и други активности од областа на образованието за ученици и граѓани“**, до 30.000,00 денари. За таа цел, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош.
За „Проекти од областа на образованието“ за чија реализација е потребен износ над 30.000,00 денари, општината распиша Јавен оглас, по предходно добиена согласност од Советот на Општина Карпош. Право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области. Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.20120 година.
Со финансиската помош што ја дава Општина Карпош се очекува подигнување на нивото за едукација и професионално усовршување и реализација на поддржаните проекти.
Предвидената финансиска рамка изнесува 1.500.000,00 денари (Трошоци поврзани со проекти, едукација, доедукација, учество на натпревари, семинари, конференции и др).
Во 2020 година составот на Комисијата за финансиска поддршка на проекти од областа на образованието е составена од претставници од општинската администрација**:** Емилија Арсовска, Сања Ваневска и Тања Милошева и членови на Комисијата, именувани од Советот на Општина Карпош – Билјана Костова и Даниела Штерјова.
Со одлука на Владата на РС Македонија на 11.03.2020 се прекина воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, основни и средни училишта и високо – образовни установи и во

јавните научни институти на територијата на Република Северна Македонија. Се прекинаа и сите воннаставни или дополнителни слободни ученички актиности.
Токму затоа проектите кои требаше да се реализираат во основните училишта како воннаставни активности не се реализираа.
Во прилог следува табеларен извештај за проектите, подносителите на проекти и финансиска поддршка и одобрените средства. Поради неможност за нивна реализација не е извршена исплата.

**ПРОЕКТИ НА ЈАВЕН ОГЛАС КОИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

| | Назив на проект | Вкупно средства : 124.290.00денари |
|---|---|---|
| 1 | **Подигање на свеста за животната средина преку уметност, театар и раскажување** | Време на реализација: јуни/2020<br>Реализиран: НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | **<u>приказни – Еко театар</u>**<br>Реализатор: Здружение за едукативно-креативна детска работилница – ИГРАЈ И УЧИ Скопје | Исплатени обврски: НЕ |
| 2 | **<u>Основи на веб програмирање и изработка на веб сајт од учениците</u>**<br>Реализатор: Здружение за истражување на пазарот на труд во функција на мултиетничка толеранција – ПРОФИЦИО Скопје | Вкупно средства : 130.000.00денари<br>Време на реализација: јуни/2020<br>Реализиран: НЕ<br>Исплатени обврски: НЕ |
| 3 | **<u>Второ семејство</u>**<br>Реализатор: Здружение за заштита на правата на децата – ПОВРЗАНИ Скопје | Вкупно средства : 90.500.00денари<br>Време на реализација: јуни/2020<br>Реализиран: НЕ<br>Исплатени обврски: НЕ |
| 4. | **<u>Новинарски клуб во училиштата на Општина Карпош</u>**<br>Реализатор: Центар за поддршка и креативен тразвој, Скопје | Вкупно средства : 140.100.00денари<br>Време на реализација: јуни/2020<br>Реализиран: НЕ<br>Исплатени обврски: НЕ |

## 1. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И ПАРИЧНА ПОМОШ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

| | | |
|---|---|---|
| | ОБЈАВЕН ОГЛАС И ПРИСТИГНАТИ ПРОЕКТИ<br><br>1. 53- 957/1 од 05.02.2020<br>2. 53- 1238/1 од 13.02.2020<br>3. 53- 1427/1 од 19.02.2020<br>4. 53- 1466/1 од 20.02.2020<br>5. 53- 1866/1 од 06.03.2020 | Вкупно средства : 1.500.000.00денари<br>Време на реализација: 31.12.2020<br>**<u>Поради прекин на воспитно-образовниот процес и наставата со физичко присуство во училиштата, проектите не се разгледувани и реализирани</u>** |

**Реализатор: Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 1.500.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 0,оо**
**Останати финансиски средства: 1.500.00,00**

## 9. <u>Прослава на денот на Општината</u>

- **Забавно детско шоу – „Карпош има талент“**

„Карпош има талент“ е проект наменет за учениците од сите десет основни училишта во Карпош и има за цел да ги афирмира и награди талентите на младите ученици. Во услови на КОВИД 19 ова забавно детско шоу не се одржа.

- **Избор на најдобра литературна творба на тема:**
  1. „Што сонуваат децата“
  2. „Училиштето од моите соништа“

- **Избор на најдобра ликовна творба на тема:**
  1. „Што сонуваат децата"
  2. „Училиштето од моите соништа"

- **Награди:**

  Прво наградените ученици на ликовниот и литературен конкурс добиваат по **6000,00 денари** еднократно

  Второ наградените ученици на ликовниот и литературен конкурс добиваат по **4000,00 денари** еднократно

  Трето наградените ученици на ликовниот и литературен конкурс добиваат по **2000,00 денари** еднократно

  **Наградени ученици на литературен конкурс:**

  1 место – Лара Станчева ООУ„Лазо Трповски"
  2 место – Јана Коцеска ООУ„Петар Поп Арсов"
  3 место – Ерзана Салиу ООУ„Братство"

  **Наградени ученици на ликовен конкурс:**

  1 место – Дорис Геракар ООУ„Петар Поп Арсов"
  2 место – Ана Андреска ООУ„Петар Поп Арсов"
  3 место – Моника Трајковска ООУ„Димо Хаџи Димов"

**За членови во Комисијата за ликовни творби беа именувани:**

- Тони Шулакјовски, наставник во ООУ „Петар Поп Арсов",
- Даниела Андонова, наставник во ООУ „Јан Амос Коменски",
- Наташа Стефановска , наставник во ООУ „Владо Тасевски",
- Соња Поповска Трајковска , наставник во ООУ „Димо Хаџи Димов" и
- Даниела Илиевска Стојчева, наставник во ООУ „Вера Циривири Трена"

**За членови во Комисијата за литературни творби беа именувани:**

- Ленче Алаџајкова, наставник во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош",
- Соња Трајковска, наставник во ООУ „Лазо Трповски",
- Мерсије Абдулаи , наставник во ООУ „Братство"
- Ана Деспотовска , наставник во ООУ „Аврам Писевски" и
- Билјана Стрезовска, наставник во ООУ „Војдан Чернодрински"

**За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата беа именувани:**

- Билјана Костова, член на Советот на Општина Карпош,
- Даниела Штерјова, член на Советот на Општина Карпош

**Претставници од општинската администрација (техничка поддршка) без право на глас:**

- Сања Ваневска
- Гордана Јовановска и
- Тања Милошева
- Арсовска Емилија

**Реализатор: Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 70.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 24.000,оо**
**Останати финансиски средства: 46.000,00**

10. **<u>Ангажирање на образовни и лични асистенти од проектот</u>**

**„Карпош за еднаквите во училиштата“ 2019/20 и 2020/21 година“**

Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата“ продолжува и во учебната 2019/20 година. Од месец јануари до месец март бројката на ангажирани асистенти варира од 39 во март, 40 во јануари и 42 во февруари. Дваесет асистенти ги плаќа УНДП а останатите Општина Карпош. За секој асистент се издвојува по 9.000, 00 денари месечно.
Општина Карпош ги исплаќа овие средства, како финансиско олеснување на образовните и личните асистенти, за поефикасно и навремено извршување на нивните работни задачи, за крајните корисници, во овој случај децата со попречености во развојот од основноте општински

училишта на територијата на општина Карпош полесно да се вклучат во воспитно-образовниот процес .
Поради пандемијата со Ковид -19 Проектот заврши заклучно со месец март. Физички наставата учениците ја посетуваа до 09.03.2020 година.
Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата 2020/21 година“ како дел од Програмата општинако-корисна работа за 2020, а во соработка со УНДП и АВРСМ продолжува и во учебната 2020/21 година, со ангажирање на образовни и лични асистенти на ученици со попреченост во равојот.
Во месец октомври беа вклучени вкупно 28 асистени (20 ги плаќа УНДП и 8 Општина Карпош), во месец ноември беа вклучени 29 асистенти (20 ги плаќа УНДП и 9 Општина Карпош), во месец декември беа вклучени 27 асистенти (20 ги плаќа УНДП и 7 Општина Карпош).

**Реализатор:Општина Карпош**
**Предвидена финансиска рамка: 756.000,оо**
**Потрошени финансиски средства: 756.000,оо**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во обласа на Информатичката технологија за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во обласа на Информатичката технологија за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/13**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на активностите на Општина Карпош во областа на Информатичката технологија за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за информатичко комуникациска инфраструктура.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/17**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19 и 16/20), Одделението за Геоинформациски систем (ГИС), изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош одобласта на информатичката технологија за 2020 година**

## Вовед

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) кои се во рамките на Секторот за поддршка на Градоначалникот, со своите активности има за цел преку инсталација на одредени софтверски модули да придонесе доближување поблиску до граѓаните, како и да ја овозможи и олесни автоматската обработка на податоци на вработените во општината.
Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме.
Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива сè повеќе користејќи ги алатките на информатичката технологија. Општина Карпош е на самиот врв на ИТ-технологијата во локалната самоуправа, следејќи ги најновите трендови во ИТ-технологијата.

## Реализирани активности

Во согласност со донесената Програма за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2020 година, Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) ги реализираше следните проектни активности:

1. Годишно одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот (сервисирање и одржување на принтери и плотери, резервни делови за хардвер).

Поради постојаното ажурирање на постоечкиот хардвер, тековно се вршат и набавки на компјутерски делови кои служат како замена и делови за надоградба и унапредување на функционалноста на компјутерските уреди и периферните уреди со кои се поврзани и сервисирање и одржување на принтери и плотери. Преку Секторот за јавни набавки во регуларна тендерска постапка, во првиот квартал, Општина Карпош склучи договор за јавна набавка на Годишно одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот (сервисирање и одржување на принтери и плотери, резервни делови за хардвер) на Општина Карпош со економски најповолниот понудувач во вредност од 850.000,00 денари. Според потребите на Општина Карпош се потрошени финансиски средства во износ од 565.299,00 денари.

2. Набавка на компјутери, мултифункциски уреди, принтери и скенери за потребите на Општина Карпош.

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавкана хардвер (компјутери, мултифункциски уреди, принтери и скенери) и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 840.210,00 денари.

3. Услуги за надградба и одржување на постоечки ГИС во Општина Карпош

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за надградба и одржување на постоечки ГИС и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 930.997,58 денари.

4. Набавка на софтвер за антивирус

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за набавка на софтвер за антивирус и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 296.722,80 денари.

5. Превентивно и адаптивно одржување на софтверско решение на постојаната електронска архива со соодветни уписници

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка на превентивно и адаптивно одржување на софтверско решение на постојаната електронска архива со соодветни уписници и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 249.216,00 денари

6. Одржување на сервер и хардверски и системски, односно превентивно и адапривно одржување на истите

За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за одржување на сервер и хардверски и системски, односно превентивно и адапривно одржување на истите и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 348.100,00 денари

Вкупната предвидена финансиска рамка за Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2020 година изнесува **4.700.000.00** денари. Според реализираните проектни активности се потрошени финансиски средства во износ од 3.230.544,00 денари предвидени со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на заштита спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/14**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник, Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/18**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на програмата за активностите на општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од 01.01.2020 - 31.12.2020 година**

Одделението за заштита и спасување во текот на 2020 година по Програмата за работа имаше предвидено и ги реализираше следните активности и тоа:

**1.** Редовен сервис на противпожарни апарати, хидрантска мрежа и тоа во:
-објектот на Општина Карпош сервисирани се 27 (дваесет и седум) противпожарни апарати,
-урбаните-месните заедници сервисирани се 29 (дваесет и девет) противпожарен апарат,
-надвозникот Влајко сервисирани се 8 (осум) противпожарни апарати,
-десет основни училишта сервисирани се 141 (сто и четириесет и еден) противпожарни апарати и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови сервисирани се 103 (сто и три) противпожарни апарати.
Набавени се нови 15 противпожарни апарати С-6
**-Позитивна страна**
-перманентно одржување на апаратите за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
**-Заклучок**
-со редовно одржување на опремата за противпожарна заштита се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.
-Редовен сервис на хидрантската мрежа и тоа во:
-десет основни училишта беа сервисирани 70 (седумдесет) хидранти и
-четири детски градинки со 7 (седум) клонови беа сервисирани 58 (педесет и осум) хидранти.

**-Позитивна страна**
-перманентно одржување хидрантската мрежа за квалитетно и успешно справување во случај на појава на пожар.
**-Заклучок**
-со редовно одржување на опремата се зголемува квалитетот за безбедноста на децата и вработените.

**-Финансиски средства**
-за реализација на сервисот и одржувањето според програмата беа предвидени 350.000,00 денари, за сервис на противпожарни апарати и сервис на хидрантска мрежа потрошени се 348.500,00 денари,

**2**. Според програмата на Одделението за заштита и спасување за 2020 година се изврши редовна пролетна и есенска дератизација, дезинфекција и дезинскеција во Општината, урбаните и месните заедници, во основните училишта и детските градинки, во која беа опфатени:
- во урбаните и месните заедници беа опфатени околу 5000 (пет илјади) шахти;
-10 (десет) Основни училишта на подрачјето на Општина Карпош со 280 (двеста и осумдесет) дератизирани места,
-4 (четири) Детски градинки и 7 (седум) клонови со 250 (двеста и педесет) дератизирани места и
За дератизација беа употребени околу 15 000 (петнаесет илјади) мамци.
**-Позитивна страна**
-ефикасно уништување на штетни глодари и предизвикувачи на заразни болести.
-превенција од епидемија од жолтица.
**-Заклучок**
-со успешната реализација се подобрува квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.
**-Финансиски средства**
За пролетна и есенската дератизација се предвидени 900.000,00 денари, искористени се 717.000,00.

**3.** Редовен обука и вежбовни активности на затворени и отворени води за припадниците на Просторната единица за заштита и спасување на Општина Карпош во Центарот за обука на Црвен крст-Струга:

-Обуката не е реализирана поради состојбата со пандемијата и препораките од Министерство за здравство и Комисијата за заразни болести.

**-Финансиски средства**

-за реализација на обуката и вежбовните активности со програмата беа предвидени 250.000, 00 денари, и беа искористени 0 денари.

4. Набавување на опрема и средства за доопремување на Единицата за заштита и спасување заради квалитетно и ефикасно справување со сите можни ризици и опасности;

**-Позитивна страна**

Подобра опременост на единицата за квалитетно и навремено справување со евентуални појави на природни непогоди

**-Заклучок**

Поефикасно справување со природни непогоди

**-Финансиски средства**

Во првичната Програма беше предвиден финансиски износ во висина од 400.000,00 денари. Со оваа измена, износот се намалува за 350.000,00 денари

Поради состојбата со пандемијата и препораките од Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести, износот е намален за 350.000,00 денари. Останатите 50.000,00 денари се искористени за набавка на 4 грбни прскалки за гасење на пожар и 20 пара гумени чизми.

**5.** Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење во објектите на основните училишта и детските градинки во надлежност на општината.

**-Позитивна страна**

-Безбедност на вработените, учениците децата во детските градинки од аспект на заштита од пожари

Постојано одржување оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење заради заштита од појава на пожар.

**-Заклучок**

-со успешната реализација се подобрил квалитетот на здравјето и безбедноста на граѓаните и човековата околина.

**-Финансиски средства**

-за реализација на Одржување во исправна состојба на оџаците, димоводните уреди, системите за воздух, системите за воздушно и водено грееење, огништата-котли за парно греење според програмата беа предвидени 300.000,00 денари, искористени беа 298.540,00 денари.

6. Помагање со финансиски средства на доброволни противпожарни организации за вклопување во системот на противпожарна заштита.

Спроведување на превентивни мерки кои ќе ја подигнат свеста на граѓаните од аспект на противпожарна заштита и учество во противпожарна заштита.

Беа предвидени 50.000,00 денари и истите не беа искористени .

7. Процена на штети од природни непогоди и други несреки

Беа предвидени 350.000,00 денари. Постапката е во тек.

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **2.000.000,00,** денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, од кои релизирани се **1.468.000.00** денари.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/15**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19 и 16.20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за месна самоуправа врз основа на програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за месна самоуправа.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/19**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.29/19 и 16/20), Одделението за месна самоуправа, изготви

**Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош од областа на месната самоуправа за 2020 година**

**Поради Ковид 19 пандемијата препораките и ограничувањата, поддршка и помош во организацијата на манифестации кои што беа предвидени во програмата се редуцираа и дел се откажаа од реализација во урбаните односно месните заедници во горе споменатиот период:**

1. **Прослава на верскиот празник Бадник**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославата за верскиот празник Бадник на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници,**
    - **Нереализирани 150.000,00 денари**

2. **Прослава на верскиот празник Водици**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Водици на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;**
    - **Нереализирани 40,000,00 денари**

3. **Прослава на верскиот празник Св. Атанасиј**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославите за верскиот празник Св.Атанасиј во урбаните заедници Влае 1, Пецо Божиновски – Кочо и Злокуќани**
    - **Реализирани 130.00,00 денари,**

4. **Прослава на верскиот празник Велигден**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичка поддршка на прославита за верскиот празник Велигден на целата територија на Општина Карпош , по Урбани и Месни заедници;**
    - **Нереализирани 200.000,оо денари**

5. **Прослава на верскиот празник Ѓурѓовден**
    - **Манифестацијата „Ѓурѓовден “ по повод најголемиот ромски празник Ѓурѓовден.**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка за Ѓурѓовден изнесуваше вкупно 120.000,00 денари.**
    - **Нереализирани 120.000,оо денари**

6. **Прослава на верскиот празник Св.Тројца**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Тројца на 05.06.2020 во месната заедница Бардовци не е реализирана и изнесуваше вкупно 40.000,00 денари.**
    - **Нереализирани 40.000,оо денари**

7. **Прослава на верскиот празник Ифтар**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка е 180 000 денари за Ифтар но не е одржан во урбаната заедница Нерези.**
    - **Нереализирани 180.000,оо денари**

8. **Прослава на верскиот празник Св Илија**
   - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка за Св.Илија за 02.08.2020 во Урбана заедница Нерези но не е реализирана предвидена сума изнесуваше вкупно 40.000,00 денари.**
   - **Нереализирани 40.000,оо денари**

9. **Прослава на верскиот празник Св Пантелејмон**
   - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка Св.Пантејлемон за 09.08.2020 во Урбана заедница Нерези не е реализирана и предвидена сум вкупно 40.000,00 денари.**
   - **Нереализирани 40.000,оо денари**

10. **Прослава на верскиот празник Св Архангел Михаил**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка во Урбана заедница не е реализирана и предвидена сум вкупно 40.000,00 денари.**
    - **Нереализирани 40.000,оо денари**

11. **Прослава на верскиот празник Св Јован.**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка Св.Јован во Урбана заедница не е реализирана и предвидена сум вкупно 40.000,00 денари.**
    - **Нереализирани 40.000,оо денари**

12. **Прослава на верскиот празник Голема Богородица**
    - **Предвидени-Финансиска и логистичкаа поддршка во Урбана заедница не е реализирана и предвидена сум вкупно 40.000,00 денари.**
    - **Нереализирани 40.000,оо денари**

**13.Прослава на верскиот празник СВ.Сава**

- **Предвидена -Финансиска и логистичка поддршка за Св Сава за 27.01.2020 година изнесуваше 30.000,оо денари и е нереализирана.**
- **Нереализирани 30.000,оо денари**

**Од вкупно предвидените 1.110.000,оо денари за годишната програма на Одделението за месна самоуправа за горе наведениот период искористени се 130.000,оо денари**

**Нереализирани останувaат 980.000,оо денари**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош во 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош во 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/16**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош во 2020 година, Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/2019), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош во 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош во 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на Градоначалник Општина Карпош.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/20**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на одбележување на 44 години од формирање на Општина Карпош за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19 и 16/20), Секторот за поддршка на Градоначалник, изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 44-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

Општината Карпош е формирана во 1976 година со Законот за формирањето на општините на Град Скопје и за утврдувањето на нивните подрачја („Службен весник на СРМ“ бр. 8/76).

На 03.11.2020 година, Општина Карпош поради пандемијата Ковид 19 и препораките скромно се одбележа 44-годишнината од своето основање, согласно Програмата за одбележување на истата, а во која беа вклучени бројни активности, манифестации и натпревари беа редуцирани и дел откажани.

Во рамки на деновите на општината се одржаа:

- **ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА**

Хуманитарната акција во соработка со Црвен крст и администрацијата на Општина Карпош. Собрани беа пакети со храна и средства за хигиена

- **ДОНАЦИЈА НА ПАКЕТИТЕ СО ХРАНА**

Пакетите со производи се донирани на социјално - загрозени категории на граѓани, Домот за стари лица во Злокуќани, СОС Детско село во Бардовци, стационарот во Момин Поток.

- **ЗАСАДУВАЊЕ НА НОВИ 155 ДРВЈА ВО КАРПОШ**

Засадени се повеќе од 155 дрвја рамномерно по урбани заедници.

- **СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА**

Со свечена академија беше одбележана на 3-ти ноември, Денот на Општина Карпош, Спортски терени во ОУ Лазо Трповски поради ситуацијата и препораките за ковид 19  пандемијата.

- **КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА**

Во пресрет на денот на општината организирана беше крводарителска акција, каде учество зедоа граѓаните и вработените во администрацијата на Општина Карпош.

- **ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ**

По повод денот на Општината, доделено беше признание за заслужен граѓанин на Општината.

**Вкупно предвидени 3.000.000,оо денари за годишната програма за одбележување на 44-годишнината од формирањето на Општина Карпош.**

**Нереализирани  остануваат 3.000.000,оо денари.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и второта седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/17**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191,член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош (Службен гласник на Општина Карпош број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднакви можности на мажите и жените за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош врз основа на програмата за активностите на Општина Карпош во сферата на еднакви можности меѓу мажите и жените за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Координаторот на еднакви можности меѓу мажите и жените

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/21**
**Датум:29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**Вовед**

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2020година имаше цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2012, 30/2013,166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Програмата предвиде организирање на трибини, работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање требаше да придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Меѓутоа оваа година поради состојбата со коронавирусот Програматане можеше да се спроведе во целост, туку најголемиот дел од активностите се префрлени за оваа 2021 година. Сепак, во соработка со надлежните институции во Република Македонија, невладиниорганизации, како и здруженија на граѓани кои дејствуваат во сферата на правата на жените, успеавме да реализираме еден проект и да имаме поинтензивна соработка во сферата на родовите прашања со Заедницата на единици на локалнатасамоуправа-со ЗЕЛС, УНДП, UN Women, Идеа, Акција „Здруженска“, ОБСЕ, Здружението на граѓани „НЕКСУС – Граѓански концепт‘‘.

## I. Развојниприоритетиицели

I.Активностите кои ги презеде Општина Карпошпреку активна партиципација во подигнување на јавната свест за проблемите во сферата на еднакви можности на мажите и жените во 2020г. се:

### 1. Работен состанок за изработка на локален акционен план за вработување на Ромки

Од невладината „ХЕРА – Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување “ и социјалното претпријатие „Негаплус“ беа претставени и разгледани организациските активности од Предлог – акциониот план за вработување на Ромки на територијата на Општина Карпош. Исто така беше дискутирано и беа разгледувани постоечките можности за вработување на Ромите.Во дискусијата беше истакната потребата од заедничка мисија на Општината и невладините организации во обезбедувањето пристап до вработување на жените Ромки и зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и зајакнувањето на нивната економска независност, меѓу другото и преку сензибилизација на бизнис секторот и работодавачите кои делуваат на територијата на оваа локална самоуправа.

На работниот состанок кој се одржа на **10.декември 2020** година во хотелот Сити Парк,за изработка на локален акционен план за вработување на Ромки на територија на општина Карпош ,како претставничка од Општина Карпош присуствуваше **Виолета Цветковска**, координаторката за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош. На состанокот беше корегиран акцискиот план за вработување Ромки и разгледани отворените можности за соработка. Според договореното изработен е:

Предлог на корегиран Акциски план на невладината ХЕРА:

Локален акционен план на Општина Карпош во област<br>вработување на Ромки

Нацрт-акцискиот план за вработување Ромки на Општина Карпош е изработен согласно Национална стратегија за вработување 2016-2020, Националниот акциски план за вработување 2018-2020 и Стратегијата за Роми за периодот од 2014-2020 година.

Преглед на планираните активности ви доставуваме подолу:

| Активност | Индикатор | Надлежни институции | Партнерство | временска рамка | средства | Трошок | извор на | Средства за верификација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Споделување на информации на социјалните мрежи, веб портали и општински весник за можностите за вработување на Ром(к)и | На порталот на општината и веб порталот ажурирање на новите можности за вработување најмалку еднаш месечно | Општина Карпош | АВРСМ, граѓански организации | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Веб администратор и креатор на содржини | / | Буџет на Општина Карпош | Извештај од мониторинг на објави |
| Изработка, печатење и дистрибуција на информативни флаери за можностите за вработување Ром(к)и | Изработени и дистрибуирани 1.000 флаери во текот на годината | Општина Карпош | АВРСМ, граѓански организации | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста, Членка на Групата за застапување | 10.000 денари за печатење флаери | Буџет на Општина Карпош | Листа на лица к примиле информативн материјали |
| Средби за мотивација на ромската заедница за регистрирање како невработени и вклучување во активните мерки, организирани од страна на АВРМ | Регистрирани најмалку 50 Ром(к)и како нвработени<br><br>Вклучување на најмалку 10 Ром(к)и во менторски програми или искористување на некој од другите активни мерки во рамки на проектот<br><br>Спроведени 2 средби | Општина Карпош | АВРСМ, ХЕРА | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста, Членка на Групата за застапување | 3000 денари за средба * 2 средби = 6.000,00 денари | Буџет на Општина Карпош | Листа на учесни во менторскит програми или не од другите акти мерки во рамки проектот |
| Информативно/промотивни средби со работодавци на територијата на општината за промоција на можности за вработување на Ром(к)и на локално ниво и активни мерки на АВРМ за поттикнување на вработување на Ром(к)и | **а.** Испратен допис од општината до работавците на територија на општината<br>б. Остварени 2 средби со различни работодавци на територија на општината<br>**в .** Искористена мерка за вработување од најмалку еден работодавец | Општина Карпош | АВРСМ | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста, Членка на Групата за застапување | 3000 денари за средба * 2 средби = 6.000,00 денари | Буџет на Општина Карпош | Листи на учесни |
| Спроведување на недела на работодавци (на територија на О.Карпош) за остварување на директен контакт со потенцијални работици од Ромската заедница | Остварени две средби<br><br>Вработени најмалку две Ромки | Општина Карпош | Работодавци на територија на Општина Карпош | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста, Членка на Групата за застапување | 3000 денари за средба * 2 средби = 6.000,00 денари | Буџет на Општина Карпош | Листи на учесни |
| Вработување на Ром(к)и во јавни установи на територија на општината (во градинки и основни училишта) | Вработени во јавни установи на најмалку 5 Ром(к)и од кои најмалку 3 жени Ромки | Општина Карпош | Јавни установи | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста | / | Буџет на Општина Карпош | Договор за вработување |
| Вработување на Ром(к)и во рамки на општината (Вработување во Инфо центарот во рамки на општината) | Вработени во општината на најмалку 2 Ром(к)и од кои најмалку 1 жена Ромка | Општина Карпош | - | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста | / | Буџет на Општина Карпош | Договор за вработување |
| Ангажирање на лица од ромската заедница како даватели на услуги во рамки на проектот за подобрување на социјалните услуги финансиран од страна на МТСП (во проектот Хумани патроли) | Ангажирање на најмалку 7 Ром(к)и од кои најмалку 5 жени Ромки | Општина Карпош | МТСП и граѓански организации | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Лице за комуникација и реализација на активноста и средства од проект од МТСП | / | Буџет на Општина Карпош | Договор за рабо ангажман/врабо ање |
| Ангажирање на членка на Групата за застапување, која ќе го потпомогне процесот на имплементација на ЛАП за вработување | Ангажирана една членка од Групата за застапување | Општина Карпош | ХЕРА | Од: 01.01.2021 до: 31.12.2021 | Членка на Групата и лице за комуникација и реализација на активноста | 6000 денари месечно * 12 месеци = 72.000,00 денари | Буџет на Општина Карпош | Договор за ангажман |

Акцискиот план би требало, во најголема мерка, да се реализира во текот на 2021 г., а во него треба да се вклучат и АВРМ, ХЕРА и бизнис секторот од Општина Карпош.

**2.** Во рамки на поддршка на проекти од значење за унапредување на родовата еднаквост, а во рамки на Програмата за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош за 2020 г. ,во Општина Карпош успеавме да го почнеме и привршиме проектот**„ И ЖЕНИТЕ МОЖАТ “**со дополни и изменувања.

Проектот и „И жените можат“, имаше испланирано три главни фази на реализација:

1. Истражување за потребите на целната група
2. Обука, доквалификација и преквалификација
3. Реализација на бизнис планови

**Вкупно исплатена сума за реализација на проектот: 229.400 денари.**

- **Другите проекти од 2020 кои не успеаја да започнат се префрлени во 2021 година.**

**3. Факултативно воведување на ССО (Сеопфатно сексуално образование) во основните училишта (високи класови)**
**4. Поддршка на еднородителски семејства**

**5. Обуки и работилници:**

**5.1** Во организација на ЗЕЛС преку ZOOM платформата беше одржана онлајн работилница за координаторите и одговорните за односи со јавноста ПР во општините на ден 29.12.2020 година. Модератори на работилницата беа Марија Ристеска од CRPM (Center for Research and Policy Making) и Ирена Николов од ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Сверна Македонија). Како претставници од Општина Карпош на оваа работлница присуствуваше заменичката координаторка за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош – Весна Кикова Атанасовска.

**5.2.** Во организација на ЗЕЛС преку ZOOM платформата беше одржана онлајн работилница за координаторите и одговорните за односи со јавноста ПР во општините на ден 26.11.2020 година. Модератори на работилницата беа Марија Ристеска од CRPM
**5.3.** (Center for Research and Policy Making) и Ирена Николов од ЗЕЛС (Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Сверна Македонија). Како претставници од Општина Карпош на оваа работлница присуствуваа Координаторката за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош и раководителка на секторот за односи со јавност - Виолета Цветковска и заменик координаторката за еднакви можности на жените и мажите при Општина Карпош – Весна Кикова Атанасовска. Како дел од овојпроектбеаизработенииприрачникзакомуникацијанакоординаторитезаеднаквиможности помеѓуженитеимажитевоединицитеналокалнатасамоуправаиМетодологијазаинтегрирањена родовитеперспективинаопштинитеволокалнитепрограмиибуџети.

**5.3**. Во периодот од 29-30 јули активно учествувавме на online обуката на СРПМ-CRPM (Центар за истражување и креирање политики) на тема **Родоваеднаквости климатски промени,** како координатор на еднакви можности при Општина Карпош.
Обуката ја држеа две експертки **Гордана Несторовска** и **СлавјанкаАндоновска- Пејчиновска.**
На обуката беа презентирани родовите перспективи и климатските промени, односно влијанието на климатските промени врз жените како сегментирана јавност, но и активен чинител во главните општествени текови, во креирањето на глобални и локални политики и практики.
Светската пандемија предизвикана од вирусот Ковид 19 како животозагрозувачки фактор е пример како сите собития ги допираат и жените, но и жените треба да се вклучени во решавањето на сите вакви кризи. **Општина Карпош беше спомната како позитивен пример** на локална самоуправа која во Кризниот штаб за справување со коронакризата ја имаше вклучено координаторката за родова еднаквост

**5.4. Работилница за видови на комуникација со Комисија за еднакви можности и подготовка на комуникациски протоколи** ЗЕЛС Тренинг Центар, Скопје 17 март, 2020
во рганизација на Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.С. Македонија-ЗЕЛС. На работилницата учествуваше Виолета Цветковска, координатор за еднакви можности на жените и мажите во општина Карпош.

**5.5.** На **27.02.2020** година во ЗЕЛС Тренинг Центарот во Скопје, по иницијатива на ЗЕЛС се одржа **работилница** за правилно презентирање на утврдените промени со еднаквите можности во општините, на која учествуваа координаторите за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општините, државниот секретар во Министерството за труд и социјална политика, Јована Тренчевска и претставничка од Секторот за еднакви можности од оваа институција, а

присуствуваше и претставник од подржувачите на овие активности од Телото на UN Women во Скопје.

**5.6.** УНДП во рамки на проектот на Швајцарската агенција за развој и соработка „Зајакнување на општинските совети“, заедно со UNWomen реализираа обуки за советниците, меѓу кои и обука за родова еднаквост во општините. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Северна Македонија на 4 февруари 2020 година (понеделник) со почеток во 11.00 часот, во Салата на Уставна комисија одржа работен состанок со локалните комисии за еднакви можности.
Од Општина Карпош на состанокот присуствуваа **Биљана Костова,** претседателка на Комисијата за еднкави можности на жените и мажите при Советот на Општина Карпош и **Виолета Цветковска**, координаторка за еднакви можности на Општина Карпош, кои активно учествуваа во расправата.

**6.** Со цел во поголема мерка да се сензибилизира севкупната јавност во борбата и препознавањето на знаците на семејно насилство, Општина Карпош на шелтер центарот кој се наоѓа на нејзина територија во Карпош2, му донираше три пакети топла облека, 50 заштитни маски, 50 пара заштитни ракавици, како и 10 шишиња средства за дезинфекција наменети за згрижените семејства жртви на семејно насилство.
Донацијата беше најавена уште на почетокот на „портокаловата кампања“ против родово базирано насилство, која се одвива на глобално ниво и која трае во периодот од 25 ноември до 10 декември под слоганите #КажиНЕ и „Не си сама“, а деновиве е и конкретно реализирана.
Според податоците на локално ниво, во периодот на пандемијата од коронавирусот, во шелтер центарот кој е сместен на територијата на Карпош евидентиран е пораст на пријави за семејно насилство за 18 насто, а за 12 насто има повеќе згрижување на жени, жртви на семејно насилство.

**7.** До **Министерството за труд и социјална политика** беше доставен **Годишниот извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности во Општина Карпош за 2019** година, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.
Ви електронска форма беа проследени и сите придружни материјали како прилог кон Извештајот: Годишна програма за еднакви можности на Општина Карпош за 2020, Одлука за формирање Комисија за еднакви можности, Формирање на интерсекторска група за еднакви можности, Акциски план за вработување на жени Ромки во Општина Карпош и состојба со вработени по пол, возраст, етникум, номинално и во ексел табела.

**8.** На 30. Септември минатата 2020 со одлука на Советот на Општина беше извршена Измена на програмата за еднакви можности за 2020 година при што вкупно предвидената финансиска рамка од 600.000,00 денари беше намалена за 150.000,00 денарии се сведе навкупно 450.000,00 денари, поради бришењето на ставката: Изработка на Локална стратегија за родова еднаквост 2019-2023, која е префрлена во Програмата за 2021 г.

**Од оваа сума реализирани се само 229.400 денари за Проектот „И жените можат“ кој е во најнапредна фаза на реализација.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во сферата на односи со јавност за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во сферата на односи со јавност за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/18** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 01.02.2021 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** **Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2020 година, Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19 и 16/20), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за односи со јавност.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/22**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

**Извештај на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за планирани активности за 2020година**

## I. ИЗВЕШТАЈ

### Поставени цели

1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.)
2. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку претплата на три дневни весници: „Вечер ", „Слободен печат", „ Нова Македонија "и „Фокус"
3. Унапредување на соработката со медиумите, преку закуп на медиумски простор за промоција на активностите, поради подобрување на рејтингот и транспарентноста на Општината
4. Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)
5. Мерење и анализа на перцепцијата за работата на Општината и Градоначалникот како институција
6. Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН"
7. Снимање на видео прилози
8. Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош
9. Сервисирање на видео и фотоопрема

### I. Остварување на поставените развојни приоритети и цели

Одделението за односи со јавност, и покрај изменетите услови на работење за време на пандемија, во текот на 2020 година ја реализираше Програмата за работа одобрена од Советот на Општина Карпош.

Во изминатата 2020 година, врз основа на Програмата за работа, Одделението интензивно работеше на засилување на двонасочната комуникација со сите целни јавности, граѓаните, но и со сегментираните публики, на зголемување на транспарентноста, афирмација на работата на Општината како и на другите тела: Градоначалникот и Советот на Општина Карпош. Тоа, според сработеното од Програмата за 2020г, успеавме да ја зголемиме видливоста на Општината, Градоначалникот и Советот преку веб страницата и социјалните мрежи и тоа повеќекратно. Сето тоа го реализиравме преку користење нови мултимедијални продукти: кратки видеа, анкети, флеш вести, креативи сл., кои беа пласирани преку социјалните мрежи и официјалната интернет страница на Општината како најупотребувани канали на комуникација.

Ефектите од работата на Одделението за односи со јавност преку соработката со медиумите, но и воопшто, преку работење со новите социјални медиуми (во директен контакт со новинарите, ПР соопштенија, видео прилози и креатива на позначајни настани преку социјалните мрежи) придонесоа за поголема препознатливост и афирмација на Општината воопшто и на нејзините институционални тела поединечно.

**Комуникација на социјални мрежи:**

Според фејсбук и google аналитиката, во изминатата година на facebook странaта имаме **17,848 лајкови**, што е зголемување за **над 2.200** од минатата година.

На општинскиот налог на **twitter имаме 2,816 следбеници, над 500 повеќе** од годината претходно, при што имаме креирани 833 твитови, 1.455 mentions (спомнувања). Импресии ( повратни реакции) имаме 396, 400 илјади.

Драстично е зголемена комуникација на Instagram, каде имаме **2,462 Followers** . Во неделата од 1ви ноември до 7 ноември сме поставувале постови за 44. роденден на Општината сме имале преку 20.100 прегледи неделно што е рекорд на неделно ниво )

На профилот на LinkedIn имаме **3,888 Conncetions** (поврзувања) (**зголемување од лани 2019 година за близу 300** ) и по 400 прегледи од пост.

Паралелно, за зголемување на видливоста на Општината придонесе и комуникацијата на институцијата Градоначалник која забележа:

**Facebook**
**24,018 people like this**
**Twitter**
**1,093 Followers**
**Instagram**
**11.4k followers**
**Linkedin**
**201 Connections**

**Facebook – Стефан Богоев: 21.308 допаѓања**

- Постојана двонасочна комуникација;
- Содржините кои се пласураат се прилагодени за социјалните мрежи, со соодветни креативи и краток текст, со цел пораката, информацијата полесно да стигнат до граѓаните;
- Објавување на сервисни информации: дефекти, изведување на градежни активности, уредување на зеленило (кастрење на суви дрвја);

Twitter - @stefanbogoev:

- Градоначалникот Стефан Богоев направи нов профил на Twitter, откако претходниот му беше суспендиран (пријавено е до надлежните институции);
- За да продолжи комуникацијата, отворен е нов профил кој го следат **1,093 следбеници**
- Очигледна е постојаната двонасочна комуникација на оваа социјална мрежа;
- Се споделуваат дневни информации од активности на С.Богоев и Општина Карпош, се најавуваат активности и сл.

Instagram - @sbogoev:

- На овој канал за комуникација, градоначалникот го следат повеќе од **11.4k (илјади)** followers за **над 1.000 повеќе** од лани;
- Информацијата се испраќа преку фотографија и краток опис, прилагоден за потребите на оваа социјална мрежа;
- Исто така, се споделуваат видеа со должина од една минута, како и одредени неформални фотографии (надвор од секојдневната работа на градоначалникот);
- Постојано се одговара на коментари/сугестии/критики

Сето ова не вбројува меѓу најкомуникативните општини, која ги користи и традиционалните медиуми, весникот **„Карпош Ин“** со **седум** издадени броја од кои **пет** двоброја и два единечни (новогодишни-ретроспективни), со кои ги покривме сите активности во сите месеци од годината.

.

На новата мобилна апликација **„М- заедница“** преку која дополнително комуницираме и ги вклучуваме граѓаните. Преку оваа дигитална платформа во комуникација со граѓаните добивме проблеми, предлози, иницијативи кои секторски изгледаа вака:

**Развој на општината**
Нерешени пријави: 4
Решени пријави: 39
Избришани пријави: 4

**Дејности од јавен интерес**
Нерешени пријави: 3
Решени пријави: 33
Избришани пријави: 1
**Урбанизам**
Нерешени пријави: 23
Решени пријави: 61
Избришани пријави: 20
**Односи со јавност**
Нерешени пријави: 5
Решени пријави: 10
Избришани пријави: 4
**Уредување на градежно земјиште и комунални работи**
Нерешени пријави: 12
Решени пријави: 125
Избришани пријави: 7
**Инспекторат**
Нерешени пријави: 8
Решени пријави: 97
Избришани пријави: 6
**Екологија и енергетска ефикасност**
Нерешени пријави: 20
Решени пријави: 159
Избришани пријави: 16

Освен тоа, во одделението работевме на:

- Секојдневно одговрање на прашања кои се поставуваат на социјалните медиуми, facebook, tweeter, пријави на оппштинскиот сајт и пријави.мк (10тина на ден)

- Е-Билтен стасавме до стигнати сме до број 405 или минатата година имаме **51 изданија**
- Флеш вести објавени **53** со по четири креативи или околу **220 креативи**
- Изработка за дневни креативи за социјални медиуми околу **250**
- Изработка на честитики по повод **празници 10**
- Изработка на постери и **флаери 10-тина**
- Банери за на сајт **20**
- Дипломи и благодарници над **350 примероци**

Одговоравме на новинарски прашања во консултација со надлежните органи во Општината, односно Раководителите на Сектори или одделенија – повеќе од 100-на годишно ниво,

Одговор на прашања испратени од граѓани на социјалните мрежи, фејсбук, твитер, пријави проблем, пријави мк, одговорно и навремено возвраќаме на прашањата- неделно околу 50-на,

Прашања кои стигнуваат на официјалниот мејл kontakt@karpos.gov.mk и дадени одговори – околу -на дневно,

Освен прашања од граѓани и новинари на официјалниот мејл, пратените меилови ги спроведувам до одредени одделенија и сектори – околу 20-на дневно.

**II. Проектни активности**

**ТРАНСПАРЕНТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

**1. Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон ки (огласување и сл.)**

Во овој дел, доминантно се опфатени огласите и објавите на секторите кои функционираат внатре во општината, а кои се огласуваат преку Одделението за односи со јавност. Најголемиот дел од нив се од Секторот урбанизам и се однесуваат на огласување на решенија за легализација на бесправно изградни објекти, што е условено со Закон. Но, исто така, се објавени и конкурси, огласи за стипендии, за талентирани ученици и други објави по сектори како во дневниот печат, така и на огласната табла на интернет страницата на Општина Карпош.

Во текот на реализација на огласите преку Одделението за односи со јавност преку весниците: Службен весник, дневните весници на македонски и албански јазик објавени се во **Слободен печат – девет огласи во 2020 година,**

**Вечер – 28 огласи со договор,**

**Плус дополнителни 32 огласи во 2020 година и во**

**Коха – 23 огласи во 2020 година.**

**Вкупно доспеани: =1.823.553 денари**

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

**2. Унапредување на соработката со медиумите, преку претплата на дневен и неделен печат**

**Опис на активности?**

Во континуитет Општината има потреба од тековно информирање од медиумите (традиционални и нови) поради:

- ✓ Зголемен отчетност на локалната самоуправа и начинот на водење на политиките,
- ✓ Поголема партиципативност на граѓаните во предлози и идеи
- ✓ Двонасочна комуникација (посебно преку интернет порталите)

За таа цел Општината во 2020 согласно предвидените програмски активности беше претплатена на гри дневни и еден неделен весник и тоа„Нова Македонија", „Слободен печат", и „Вечер" и списанието „Лице В Лице". За таа це се потрошени .

**Вкупно доспеани =73.017,00 денари**

**3. -Изработка на press clipiing како неопходна дата база во креирање на комуникациска стратегија (од аутсорсинг компанија)**

**Опис на активности:**

Со цел да креира или прилагоди комуникациската стратегија во ôд, потребна е на дневната, месечна и годишна основа да се следат медиумските известувања на традиционалните и онлајн медиумите (интернет).

Тоа, во минатата година го правевме преку специјализирана big data платформа од страна на аутсорсинг компанија избрана на тендер.

Оттаму добивме правовремени (најбрзи) квантитативни и квалитативни сознанија за медиумската

перцепција за работата на Општината, Советот и градоначалникот и преку анализа на текстови на највлијателните (opinion maker-i)креатори на мислење во јавноста можеме да ја креираме и менуваме насоката во комуникацијата со оваа исклучително важна јавност.




Според нивната годишна анализа имаме **7.614 објави во сите** медиуми, од кои **доминираат** текстови на **интернет порталите-6842**, во печатените медиуми не имаше 606 пати и 166 прилози на телевизиите:

**Вкупно потрошено =374.010 денари.**

| 4. | **-Мерење и анализа на перцепцијата за работата на општината и градоначалникот како институција** |
| --- | --- |
| | **Опис на активности:**<br>-Општината периодично спроведува онлајн и офлајн анкети, поточно анкети за сондажа на мислење на граѓаните или други целни јавности, за работата на администрацијата, квалитетот на услугите, за плановите во сферата на урбанизмот, за квалитетот на образование, за животната средина. Понекогаш тие ги изработуваат остручени државни службеници од општинската администрација (ИТ експерти, ПР одделение или Секторот за развој).<br>• -За постручни и подлабински анализи ангажирана беше специјализирана агенција-„Рејтинг“ за испитување на јавното мислење, преку теренски анкети, фокус групи, интервјуа и сл.но преку друг сектор.Во периодот од 20– 30 ноември, 2020 година, преку теренска анкета на три етапно стратификуван примерок за репрезентативен опфат по општини, етнички заедници, урбани и рурални средини, спроведена на 1000 испитаника на територија на Општина Карпош<br><br>Оваа година преку Одделението за односи со јавност се вршеше и онлајн анкети за **при што 806 граѓани одговориле на анкета за Граѓански Буџет.**<br><br>**Нема финансиски импликации за буџетот на Одделението за односи со јавност** |

## 5. Издавање на општинскиот магазин „Карпош ИН“

Целта ни е благовремено информирање и афирмација на активностите на општината на најнепосреден начин преку традиционален печатен медиум.
- Со новинарски пристап и отвореност на магазинот за позначајни сегменти од животот на Карпош постигнавме и парципативност на граѓаните (посебно младата популација преку постигнувања во спортот, културата, но и бизнис заедницата)
Ја зголемиваме транспарентноста и позитивниот имиџ на Општината
Општината во континуитет го издава општинско информативно гласило-магазин (Ребрендиран „Карпош ИН) кое бесплатно се доставува во 20.000 примероци, преку урбаните и месните заедници до сите семејства во Карпош.

- ✓ Со тоа постигнуваме поголема информираност за списанието кај граѓаните на Карпош и
- ✓ Позитивен одиум кај сите целни публики
- ✓ Поголема транспарентност за работата
- ✓ Зголемување на рејтингот на локалната самоуправа, но и вклученост на граѓаните во креирање на севкупниот имиџ
- ✓ Информираност и транспарентност за работењето
  Во изминатата 2020 година весникот Карпош Ин се испечати во **седум** изданија од кои **пет** двоброја и два единечни (новогодишни-ретроспективни), со кои ги покривме сите активности во сите месеци од годината.

За печатење на магазинот „Карпош ИН“ имаше
**Трошоци:= 3.974.120,00 денари**

| | |
|---|---|
| **6.** | **-Снимање на видео прилози** |
| **Опис на активности:** | Општината „поседува“ тим од телевизиски новинари, камерман и монтажер кои активно ги следат сите настани во Општината. За таа цел изготвуваат видео прилози кои се ставаат на you tube каналот на Општина Карпош.<br>Целта од креирање на сопствени видео прилози е првенствено информативна. Видео записите и општинскиот јутјуб канал од комуникациски аспект има посилна моќ и пристапност до публиката/граѓаните.<br>Поголемата гледаност и автентичен приказ од случувањата ја зголемува и афирмацијата на работата на локалната самоуправа.<br>Поголема информираност и афирмација на граѓаните за активностите кои се преземаат и извршуваат со нивните средства како алиментатори на општинскиот буџет.<br>Во минатата година на **youtube** каналот на Општината се пласирани **85 видеа**.<br><br>**Нема дополнителни трошоци за Буџетот** |

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| | |
|---|---|
| **7.** | **Ажурирање на веб страницата на Општината** |

**Опис на активности:**

Како еден од клучните комуникациски канали/медиум на Општината е веб порталот, односно интернетстраницата www.karpos.gov.mk

Таа, меѓудругото, функционира и како дневен портал, со постојано апдејтирање на најновите вести **(200 новокреирани минатата година)**, настани и активности на локалната сампуправа.

Откако ја редизајниравме и реструктуиравме веб страницата преку аутсорсинг компанија избрана на јавен тендер и сајтот е поставен на нова WordPress платформа која, спорет ИТ експертите претставува најдобра веб сајт платформа бидејќи WordPress овозможува брзо и лесно создавање на вебсајт, имаме и подобрен одиум кај публиката и поголема посетеност на страната.

Според статистичките показатели имаме трикратно поголема посетеност на веб страницата на Општина Карпош, односно **над 116.000 посети** на страницата, со пласиран и над 200 вести од општионските активности и **68,7 илјади** луѓе не пребарувале на google:






**Немаме трошоци врз оваа основа.**

**ТРАНСПАРЕТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА**

| | |
|---|---|
| **8.** | **Соработка со информативна агенција, за најавување настани значајни за Општина Карпош** |
| | Општината има потреба од соработка со информативна агенција која е најбрз и сеопфатен информатор на сите останати медиуми, како и информативен сервис<br>Благовремено известување на јавноста<br>Подобрување и благовремено најавување на општинските настани<br>Граѓани, медиуми, НВО, институции<br>Специјализирана информативна агенција.<br>**Потрошени буџетски средства... вкупно: =47.200 денари** |

| | |
|---|---|
| **9.** | **Сервисирање на видео и фотоопрема** |
| **Опис на активности:** | За потребите на Општина Карпош се продуцираат информативни видео записи и галерии фотографии поради што е потребно сервисирање на видео опрема. За таа цел |

| | |
|---|---|
| | во 2020 не се потрошени средства од Буџетот на Општината **вкупно 00,00 ден.** |

## III. Финансирање

**Вкупна реализирани активности од Програмата за 2020 се во износ од =6.291.900,00 денари**

## IV. Завршни одредби

Одделението за односи со јавност во изминатата деловна година **не** работеше на доедукација и унапредување на работењето на кадарот поради постојната состојба со пандемијата со коронавирусот.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Извештај за реализација на Програмата за работата на Советот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Извештајот за реализација на Програмата за работата на Советот на Општина Карпош за 2020 година, донесен на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/19**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ број 3/2006), а во врска со Програмата за работа на Советот за 2020 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ број 24/19), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавност за 2020 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за односи со јавност.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/23**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 24/2019), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Советот на Општина Карпош за 2020 година**

## СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Советот на Општина Карпош согласно бројот на жители во општината брои 23 членови, во следниот состав:

Членови на Советот од советничката група на СДСМ и коалицијата од јануари заклучно со ноември 2020:

1. Наташа Пеливанова
2. Димитар Оровчанец
3. Филип Даскаловски
4. Александар Анѓушев
5. Андреј Манолев
6. Билјана Костова
7. Емилија Ризеска Спасова
8. Владимир Кроневски
9. Лиљана Трајаноска
10. Владимир Станивуковиќ
11. Зејнел Куч
12. Димитар Зимбаков
13. Мики Филев
14. Елена Антонијевиќ

Членови на Советот од советничката група на ВМРО и коалицијата:

1. Сашо Лазаровски
2. Тони Јаревски
3. Даниела Штерјова
4. Томи Кепевски
5. Предраг Станковски
6. Светлана Пандиловска

Членови на Советничката група на ГРОМ:
1. Добрила Андоновска
2. Горан Михајлов

Членови на ЛЕВИЦА:

1. Бранко Ристов

Составот на Советот на Општина Карпош заклучно со 48 мата седница беше во предходно наведениот состав. На местото на претседателот на Советот Андреј Манолев кој на лично барање беше разрешенн од позицијата претсдетале на Советот, на 49 седница на Советот беше избран членот на Советот Наташа Пеливанова . На местото член на Советот од редовите на СДСМ и коалицијата, на предлог на ОИК Карпош, беше избран Бобан Ацевски, по што од 49 тата седница на Советот на Општина Карпош Советот е во следниот состав:

Членови на Советот од советничката група на СДСМ и коалицијата од декември 2020 година:

1. Наташа Пеливанова
2 Димитар Оровчанец
3 Филип Даскаловски
4. Александар Анѓушев
5. Билјана Костова
6. Емилија Ризеска Спасова
7. Владимир Кроневски
8. Лиљана Трајаноска
9. Владимир Станивуковиќ
10. Зејнел Куч
11. Димитар Зимбаков
12. Мики Филев
13. Елена Антонијевиќ
14. Бобан Ацевски

Членови на Советот од советничката група на ВМРО и коалицијата:

15. Сашо Лазаровски
16. Тони Јаревски
17. Даниела Штерјова
18. Томи Кепевски
19. Предраг Станковски
20. Светлана Пандиловска

Членови на Советничката група на ГРОМ:

21. Добрила Андоновска
22. Горан Михајлов

Членови на ЛЕВИЦА:

23. Бранко Ристов

Комисијата за изработка на Програмата на Советот се формира еднаш во годината за тековната година, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Одделението за организација и поддршка на работтата на Советот изготви статистички приказ за работата на Советот на Општина Карпош за 2020 година.

Извештајот содржи податоци за одржаните седници на Советот на Општина Карпош за 2020 година, како и за видот и бројот на усвоените акти од страна на Советот.

Во 2020 година, Советот на Општина Карпош оддржа вкупно 17 седници, од кои 16 редовни седници и 1 (една) вонредна седница.

**Табела 1**

Распоредот на седници анализирано по месеци
Службени гласници издадени по одржани седници вкупно 17

| | Месец | Бр. седница | Датум на оддржување | Број на гласник |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари 2020 | 34 | 29.01.2020 година | 3/2020 |
| 2 | Јануари 2020 | 35 вонредна | 29.01.2020 година | 4/2020 |
| 3 | Февруари 2020 | 36 | 20.02.2020 година | 5/2020 |
| 4 | Март 2020 | 37 | 11.03.2020 година | 6/2020 |
| 5 | Април 2020 | 38 | 16.04.2020 година | 7/2020 |
| 6 | Мај 2020 | 39 | 28.05.2020 година | 8/2020 |
| 7 | Јуни 2020 | 40 | 25.06.2020 година | 9/2020 |
| 8 | Јули 2020 | 41 | 29.07.2020 година | 13/2020 |
| 9 | Август 2020 | 42 | 27.08.2020 година | 14/2020 |
| 10 | Септември 2020 | 43 | 18.09.2020 година | 15/2020 |
| 11 | Октомври 2020 | 44 | 30.10.2020 година | 16/2020 |
| 12 | Октомври 2020 | 45 | 29.10.2020 година | 18/2020 |
| 13 | Ноември 2020 | 46 | 03.11.2020 година | 19/2020 |
| 14 | Ноември 2020 | 48 | 12.11.2020 година | 20/2020 |
| 15 | Декември 2020 | 49 | 04.12.2020 година | 22/2020 |
| 16 | Декември 2020 | 50 | 04.12.2020 година | 23/2020 |
| 17 | Декември 2020 | 51 | 28.12.2020 година | 24/2020 |

Во 2020 година, Општина Карпош издаде вкупно 26 Службени гласници.

**Табела 2**
Издадени Службени гласници надвор од одржани седници .

| | датум | Објавени прописи | Бр.гласник |
|---|---|---|---|
| 1 | 21.01.2020 | 1. Исправка на техничка грешка направена во „Службен гласник бр.24/2019 | 1/2020 |
| 2. | 28.01.2020 | 1. Решение за разрешување на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје бр.22-465/2 од 27.01.2020 година.<br><br>2. Решение за именување на вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“-Општина Карпош-Скопје Бр.11-465/3 од 27.01.2020 година. | 2/2020 |
| 3. | 10.07.2020 | 1. Решение за утврдување на престанок на мандат на директор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана младост“-Општина Карпош-Скопје бр.11-4083/1 од 10.07.2020 година<br><br>2. Решение за именување на вршител на должноста на директор на Јавната установа општинска детска градинка бр.11-4084/1 од 10.07.2020 година | 10/2020 |
| 4. | 14.07.2020 | 1. Решение за изменување и дополнување на Избирачкиот одбор бр.10-439/1 од 11.07.2020 година | 11/2020 |
| 5. | 27.07.2020 | 1. Решение за утврдување на престанок на мандат на директор на основното училиште „Лазо Трповски“ бр.11-4259/3 27.07.2020 година<br><br>2. Решение за именување на вршител на должноста на | 12/2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | директор на општинското основно училиште„ЛазоТрповски“бр.11-4259/2 од 27.07.2020 | |
| 6. | 15.10.2020 | 1. Решение за утврдување на престанок на мандат на директор на општинско основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“-Општина Карпош-Скопје бр.11-6073/3 од 15.10.2020 година<br><br>2. Решение за избор на директор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош-Скопје бр.11-6037/2 од 13.10.2020 година | 17/2020 |
| 7. | 19.11.2020 | 1. Решение за утврдување на престанок на мандат на директор на општинско основно училиште „Братство“-Општина Карпош-Скопје бр.11-5358/4 од 19.01.2020 година<br><br>2.. Решение за избор на директор во општинското основно училиште „Братство“-Општина Карпош -Скопје бр.11-5358/5 од 19.11.2020 одина | 21/2020 |
| 8. | 31.12.2020 | Заклучок за дозвола за извршување Ип1 бр.64-336 од 25.12.2020 година | 25/2020 |
| 9. | 31.12.2020 | Регистар на прописи за 2020 година | 26/2020 |

**ДОНЕСЕНИ АКТИ**
**Во 2020 година Советот усвои вкупно  акти, од кои:**

**Табела 3**

| АКТИ | БРОЈ |
|---|---|
| Одлуки | 156 |
| Решенија | 68 |
| Програми | 29 |
| Заклучоци | 62 |
| Мислења | / |
| Правилници | 5 |
| Планови | 2 |
| Буџет | 1 |
| Буџетски календар | 1 |
| Изваештај | 2 |
| Службена белешка | 1 |

**Број: 09-494/23**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2021 година**

1. Се објавува Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2021 година, донесено на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/20**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06, 8/13, 15/14, 9/19 и 7/20), а во врска со член 137 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2021 година**

1. Заради изработка на Програмата на Советот на Општина Карпош за 2021 година се формира Комисија во следниот состав:

**Претседател** **Наташа Пеливанова**
**Членови** **Филип Даскаловски**
**Димитар Оровчанец**
**Сашо Лазаровски и**
**Горан Михајлов**

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/24**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/21**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 137, член 138 и член 140 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година**

Советот на Општина Карпош Годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година ја донесува врз основа на позитивните законски прописи со кои се регулираат надлежностите на работата на Советот, како и врз основа на Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020) и Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006).
Во годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година се внесени предлозите кои се дадени од страна на членовите на Комисијата за изработка на оваа Програма, Градоначалникот на Општина Карпош, општинската администрација, Јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, Општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и Полициската станица од општа надлежност-Карпош.
Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош можат да бидат внесени и предлози дадени од страна на здруженија на граѓани, како и од страна на други заинтересирани субјекти.
Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош се наведени називите на одлуките и другите општи акти и прашања и теми што ќе ги разгледува Советот на своите седници, субјектите кои се задолжени за нивно изготвување, предлагачот на актите и другите документи, како и роковите кога тие документи треба да се разгледаат и донесат.
Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година е отворена и може да се менува и дополнува во зависност од актуелноста на прашањата кои што ќе бидат предложени за разгледување, на начин и постапка како што е донесена.

**I.**

1. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА – ЧЕТВРТИ КВАТРАЛ (01.01.2020 година-31.12.2020 година)**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: втора половина на јануари/прва половина на февруари 2021 година**

2. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

3. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

4. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ОД 01.01.2020-31.12.2020 ГОДИНА КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ, СО КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Инспекторат**
**РОК: 31.03.2021 година**

5. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Развој**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

6. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

7. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

8. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности-Одделение за образование**

**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

9. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

10. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Комисијата за култура**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

11. **ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 43-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работа на градоначалникот на Општина Карпош**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

12. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОДНОС НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ-КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ:**
**Полициска станица од општа надлежност Карпош**
**РОК: јануари 2021 година**

13. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на Градоначалник**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

14. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈЛАНИ ДОБРА ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на Градоначалник**
**РОК: јануари 2021 година/прва половина на февруари 2021 година**

15. **ОДЛУКА ЗА ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПО ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: јануари 2021 година/февруари 2021 година**

16. **ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за спорт и култура**
- **Одделение за спорт**

**РОК: јануари 2021 година/февруари 2021 година**

17. **ПРОРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за изработка на програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година**
**ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**
**РОК: јануари 2021/февруари 2021 година**

18. **ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: февруари 2021 година**

19. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: февруари 2021 година**

20. **БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања**

**РОК: јануари 2021 година**

21. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА – ПРВ КВАТРАЛ (01.01.2021 година-31.03.2021 година)**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: април 2021 година**

22. **ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА-НАГРАДИ НА 10 УЧЕНИЦИ ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и образобание**
**Одделение за образование**
**РОК: јуни 2021 година**

23. **ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА – ВТОР КВАТРАЛ (01.04.2021 година-30.06.2021 година)**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: јули 2021 година**

24. **МИСЛЕЊА НА ПРОГРАМИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ**
**Општинските основни училишта**
**РОК: август 2021 година**

25. **ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ**
**Општинските Основни Училишта**
**РОК: септември 2021 година**

**26. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ**
**Општинските основни училишта**
**РОК: септември 2021 година**

**27. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ**
**Јавните Установи Општинските Детски Градинки**
**РОК: септември 2021 година**

**28. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ**
**Јавните установи општинските детски градинки**
**РОК: септември 2021 година**

**29. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА – ТРЕТ КВАТРАЛ (01.07.2021 година-30.09.2021 година)**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: октомври 2021 година**

**30. ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес**
**Одделение за образование**
**РОК: октомври 2021 година**

**31. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ ВО СФЕРАТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ ЗА 2020-2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и спорт**
**Одделение за спорт**
**РОК: октомври 2021 година**

**32. РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: Во текот на 2021 година**
**најдоцна до 30 ноември 2021 година**

**33. ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанистичко и**
**просторно планирање**
**РОК: декември 2021 година**

**34. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за информатичка технологија**
**РОК: декември 2021 година**

**35. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности меѓу**
**жените и мажите**
**РОК: декември 2021 година**

**36. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение**

**за социјална, детска и здравствена заштита**
**РОК: декември 2021 година**

**37. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура**
**- Одделение за спорт**
**РОК: декември 2021 година**

**38. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната**
**средина и природата**
**РОК: декември 2021 година**

**39. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес**
**- Одделение за образование**
**РОК: декември 2021 година**

**40. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор развој**
**РОК: декември 2021 година**

**41. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОТ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната**
**средина и природата**
**РОК: декември 2021 година**

**42. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО РАЗВОЈОТ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот – Одделение за развој и унапредување на месната самоуправа**
**РОК: декември 2021 година**

**43. ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 46-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот**
**РОК: декември 2021 година**

**44. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот – Одделение за заштита и спасување на граѓани**
**РОК: декември 2021 година**

**45. ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕДОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДДРЖУВАЊЕ И ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**
**РОК: декември 2021 година**

**46. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи**
**РОК: декември 2021 година**

**47. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**

**РОК: декември 2021 година**

**48. ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: декември 2021 година**

**49. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2021 ГОДИНА**
**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања**
**РОК: декември 2021 година**

**50. ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ПО ПОВОД 3-ТИ ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ЗА 2021 ГОДИНА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес**
**-одделение за социјална**
**детска и здравствена заштита**
**РОК: октомври 2021 година**

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 01 - СРЕДНО НЕРЕЗИ, ОПШТИНА КАРПОШ,
2. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
3. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
4. ДУП ЗА БЛОК Ј 03.04, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, ОПШТИНА КАРПОШ
5. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК Ј 03.06, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
6. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З02, БЛОК З02.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
7. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З09, БЛОК 10, ОПШТИНА КАРПОШ
8. ДУП ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 18 ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, ПОМЕЃУ БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. М.Т.ГОЛОГАНОВ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, ОПШТИНА КАРПОШ
9. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 8 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
10. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
11. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 6, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

12. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ 306, БЛОК 306.09, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
13. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
14. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07 , БЛОК 3, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
15. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19, ОПШТИНА КАРПОШ
16. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ
17. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК ССИ 03.02, ОПШТИНА КАРПОШ И ОПШТИНА БУТЕЛ
18. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК 9 ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, ОПШТИНА КАРПОШ И ОПШТИНА ЧАИР - СКОПЈЕ
19. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК ССЗ 01.4, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
20. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01 БЛОК ССЗ 01.3, ОПШТИНА КАРПОШ
21. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
22. ДУП ЗА БЛОК4 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС15 - КРИВИ ДОЛ,КО КАРПОШ,ОПШТИНА КАРПОШ
23. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 8, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
24. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ
25. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ03, БЛОК ССИ 03.07, ОПШТИНА БУТЕЛ И ОПШТИНА КАРПОШ
26. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
27. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ26, БЛОК СЗ 26.05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
28. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 01, БЛОК З 01.03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
29. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК ССЗ 01.05, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
30. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ
31. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
32. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
33. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
34. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З07, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
35. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07, БЛОК З 07.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
36. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03 – ТРН ДОЛ, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
37. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 04.06, ОПШТИНА КАРПОШ
38. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ01, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
39. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГЧ З04, БЛОК З 04.03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
40. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГЧ З04, БЛОК З 04.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
41. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК Ј 03.09, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
42. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК Ј 03.11, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

**V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО**

1. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС БАРДОВЦИ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 10, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ
2. УПС БАРДОВЦИ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 42, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ

**VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ**

1. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г2- ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА КП 662/4, М.В. ЗАД ЧЕШМАРСКИ РИД, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ
2. ЛУПД ЗА ИЗГРАДБА НА МАГАЦИН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ, СО НАМЕНА Г4-СТОВАРИШТА, НА КП 132/1, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ
3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КП 1032/1, КО БАРДОВЦИ, СО НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, ОПШТИНА КАРПОШ
4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КП 1032/3, КО БАРДОВЦИ, СО НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, ОПШТИНА КАРПОШ
5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КП 1032/4, КО БАРДОВЦИ, СО НАМЕНА А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, ОПШТИНА КАРПОШ

**VII. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ**

1. УП со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели (ГП 12.09 и за ГП 12.10) од УПС Измена и дополна на Блок 12; КО Бардовци - Општина Карпош
2. Урбанистички проект за ГП 8.43 од УПС Бардовци, разработка на Блокови 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,17 и Блок 18, КО Бардовци, Општина Карпош
3. Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела со намена Г 2.1 Згради од лесната градежна индустрија – индустриска работилница за конфекционирање на арматурно железо од ГП 4, ГП 5, ГП, 6 и ГП 7 од ДУП Момин Поток Општина Карпош на дел од КП 119/1, дел од 119/2, дел од КП 119/3, дел од КП 119/6, дел од КП 119/7, кп 119/10, дел од 119/11 КО Злокуќани, Општина Карпош

**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање и проектирање**
**РОК: во текот 2021 година**

**VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

**Број: 09-494/25**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за поништување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

1.Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/22**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62, член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2)бр. 09-5350/21 од 18.09.2020, донесена на 43 седница и Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр.09-7600/14 од 4.12.2020 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на педесет и втора седницата, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поништување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се поништува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр.09-7600/14 од 4.12.2020 година, донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2020).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош‘‘.

**Број: 09-494/26**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

1.Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/23**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62, член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19), член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со Одлуката за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP 2) бр.09-5350/21 од 18.09.2020, донесена на 43 седница на Советот на Општина Карпош, Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр.09-7600/14 од 4.12.2020 година донесена на педесеттата седница на Советот на Општина Карпош и Одлуката за поништување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) бр.09-494/22 од 29.01.2021 година, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седницата, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 16.646.946,00 мкд, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект "Реконструкција на улици во урбаната заедница Карпош 1 и 2 и тоа: ул. Гиго Михајловски, ул. Иван Аговски, ул. Шекпирова, ул. Мирка Гинова".

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

-Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон
-Грејс период: максимум 3 години
-Рок на отплата: максимум 10 години
-Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2033 година

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош‘‘.

**Број: 09-494/27**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за усвојување на физибилити студија за ЕСКО партнерство за реконструкција на јавно осветлување во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за усвојување на физибилити студија за ЕСКО партнерство за реконструкција на јавно осветлување во Општина Карпош, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/24**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, напедесет и втората седница, одржана на29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на физибилити студија за ЕСКО партнерство за реконструкција на јавно осветлување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува физибилити студија за ЕСКО партнерство за реконструкција на јавно осветлување во Општина Карпош, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/28**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на референтна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за утврдување на референтна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Карпош, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/25**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 16 и член 17 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ„ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104, 15, 212/15, 153/19 и 261/19), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на референтна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за експлоатација во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдув референтна вредност за инсталирана снага на јавно улично осветлување од 205 KW и 5040 светилки:

-Референтна годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување во вкупен износ од 897 MWh/год,
-Референтни годишни трошоци за електрична енергија за јавно осветлување во вкупен износ од 7.300.000 МКД/год,
-Референтни годишни трошоци за одржување на целиот систем на улично осветлување во првата година во вкупен износ од 6.000.000 МКД/год,
-Референти годишни трошоци за одржување на целиот систем на улично осветлување од втората година до крајот на договорот во вкупен износ од 3.000.000 МКД/год,
-Број на позиции за додавање конзола до 1,5 m (1800 позиции),
-Број на позиции за промена на внатрешното ожичување во столбот (2300 позиции),
-Број на позиции за промена на приклучна кутија во столбот со нов 4А осигурувач (1900 позиции),
-Број на позиции за фарбање на столбовите (2900 позиции),
-Мониторираната и гарантирана долна граница на очекуваните заштеди на енергија е 60%.

**Член 2**

Утврдените референтни вредности ќе бидат појдовна основа за изработка на понудите од страна на ЕСКО компаниите по ЕСКО модел за јавно приватно партнерство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Карпош"

**Број: 09-494/29**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЕСКО партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЕСКО партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/26**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 17, став 4 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на РМ„ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104, 15, 212/15, 153/19 и 261/19), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЕСКО партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Карпош започнува постапка за доделување договор за ЕСКО партнерство за реконструкција со ЛЕД светилки на јавното осветлување во општината.

Оправданоста произлегува од резултатите дадени во Студијата за подобрување на квалитетот на јавното осветлување и значителните заштеди во одржувањето, како и потрошувачката на енергија на месечно и годишно ниво.

Се задолжуваат стручните служби во Одделението за Енергетска Ефикасност да пристапат кон изготвување на тендерската документација за реализација на повикот.

**Член 2**

Договорот за воспоставување на ЕСКО партнерство ќе се воспостави како јавна набавка на услуги.

**Член 3**

Цели кои треба да се остварат со доделувањето на договорот за ЕСКО партнерство се:

- реконструкција на јавното осветлување со ЛЕД светилки;
- подобрување на ефикасноста на одржување на системот;
- унапредување на заштитата на животната средина, преку намалена потрошувачка на енергија и намалени емисии на $CO_2$ во воздухот.

**Член 4**

Проценета вредност на Договорот за воспоставување на ЕСКО партнерство е до 130.000.000,00 денари.

**Член 5**

Договорот за воспоставување на ЕСКО партнерство ќе се додели за период од најмногу 8 години при што рокот почнува да тече од датумот на склучување на Договорот.

Пред истекот на рокот од став 1 на овој член, приватниот партнер е должен да го предаде во владение на Општината системот за јавно осветлување со сите додатоци и подобрувања.

**Член 6**

Договор за воспоставување на ЕСКО партнерство се доделува по пат на отворена постапка, со објавување на оглас, а согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 7**

Постапката за доделување на Договор за воспоставуваъе на ЕСКО партнерство ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапката за доделување договор за воспоставување на ЕСКО партнерство која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош во род од 15 дена од денот на влегување во сила на оваа одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен Гласник на Општина Карпош".

**Број: 09-494/30**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/27**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), а во врска со член 59, став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), а во врска со член 96 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) и врз основа на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на градинка, донесена од Советот на Град Скопје бр.27-748/1 од 28.01.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука инвеститорот Општина Карпош се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на објект на ЈУОДГ „Орце Николов“, врз основа на ДУП за Градска четврт З 05, за Г.П. 7.6 со намена В2, на улица „Карпошево востание“ бр.1, КП 1645, КО Карпош, со средства во износ од 70.498,00 денари, за бруто корисна површина од 389,80 м2 или нето наплатна површина од 18,91 м2.
Уредувањето на градежното земјиште е на товар на Инвеститорот.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 40%, наменет за Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/31**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за доделување еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година**

1. Се објавува Решението за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за доделување еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година, донесено на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/28**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.20201 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за доделување еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година**

1. Со оваа решение, Советот на Општина Карпош, на предлог на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги верификува-именува членовите на Советот на Општина Карпош, за членови во Комисијата за доделување еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2021 година и тоа:

- Димитар Зимбаков
- Мики Филев

2. Примерок од решението да се достави до Градоначалникот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес – Одделение за детска, социјална и здравствена заштита, на понатамошно постапување.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/32**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за субвенционирање на ужинки за учениците од 1-9 одделение во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок**

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на ужинки за учениците од 1-9 одделение во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/29**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со глава II. Проектни активности, точка 1.Ужинки за учениците од општинските основни училишта од Програмата за активностите на Општина Карпош од обласла на образованието за 2021 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/19 и 16/20), Советот на Општина Карпош, на педесет и втора седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за субвенционирање на ужинки за учениците во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува субвенционирање на ужинки за учениците од 1-3 одделение во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и субвенционирање на ужинки за учениците од 1-9 одделение за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок.

За субвенционирање на ужинките за учениците учениците во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок се утврдува вкупен износ 3.600.000.00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.

**Член 3**

Средствата за исплата на субвенционрање на ужинките од член 1 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2021, Програма за Н1 – основно образование, ставка 423 – материјали и ситен инвентар, потставка 423 410 – прехранбени продукти и пијалоци.

**Член 4**

Исплатата на средствата од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на основа доставени фактури изготвени согласно поединечно потпишан договор за исхрана.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/33**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/30**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 67, став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), како и врз основа на Барањето бр.09-282/1 од 15.01.2021 година доставено од ЈУОДГ „Мајски Цвет“-Општина Карпош, Скопје, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“ Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/34**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/31**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 67, став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), како и врз основа на Барањето бр.09-267/1 од 15.01.2021 година доставено од ЈУОДГ „Орце Николов“-Општина Карпош, Скопје, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“ Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/35**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош,одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/32**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 67, став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), како и врз основа на Барањето бр.09-285/1 од 15.01.2021 година доставено од ЈУОДГ „Пролет“-Општина Карпош, Скопје, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/36**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/33**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), член 67, став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), како и врз основа на Барањето бр.09-245/1 од 14.01.2021 година доставено од ЈУОДГ „Распеана Младост“-Општина Карпош, Скопје, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“ Општина Карпош, Скопје и тоа:

- Работното време започнува во 06.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок
- Работното време завршува во 18.00 часот секој работен ден, од понеделник до петок.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/37**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2021 година во јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2021 година во јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/34**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1; член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 88, став 3 и став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 14/20), Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2021 година („Службен весник на Република Македонија“ 4/20) и Барањето за утврдување на вредноста на бодот на платите јавните службеници кои вршат административни работи во ЈОУДГ„Мајски Цвет“-Општина Карпош -Скопје бр.09-282/1 од 15.01.2021 година, Барањето за утврдување на вредноста на бодот на јавните службеници кои вршат административни работи за 2021 година од ЈУОДГ„Распеана Младост“бр.09-246/1 од 14.01.2021 година, Барањето за утврдување на вредноста на бодот на јавните службеници кои вршат административни работи за 2021 година од ЈУОДГ„Орце Николов“бр.09-266/1 од 15.01.2021 година, Барањето за утврдување на вредноста на бодот на јавните службеници кои вршат административни работи за 2021 година од ЈУОДГ„Пролет“бр.09-283/1 од 15.01.2021 година, Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2021 година во јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници за 2021 година во јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош:

- ЈУОДГ „Мајски Цвет“
- ЈУОДГ „Орце Николов“
- ЈУОДГ „Пролет“
- ЈУОДГ „Распеана Младост“

**Член 2**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници дефинирани во член 1 од оваа Одлука за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 изнесува 81,60 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/38** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Датум: 29.01.2021 година** — **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Скопје** — **Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за утврдување на најнискиот степен на сложеност на вработените во општинските основни училишта од територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на најнискиот степен на сложеност на вработените во општинските основни училишта од територија на Општина Карпош, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/35**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 34 од Колективниот договор за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/09, 84/09, 28/10 и 39/10) и врз основа на член 4, став 2 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/112, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 239/19), Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

## ОДЛУКА
### за објавување на Одлука за утврдување на најнискиот степен на сложеност на вработените во општинските основни училишта од територија на Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува најниската плата за сложеност на вработените во општинските основни училишта од територија на Општина Карпош, врз основа на член 34 од Колективниот договор за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/09, 84/09, 28/10 и 39/10) и врз основа на член 4, став 2 од Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/112, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 239/19).

**Член 2**

Најниската плата за најнискиот степен на сложеност на вработените во општинските основни училишта во бруто износ изнесува 21.776,00 денари, оносно 14.934,00 денари во нето износ.
Износот на најниската плата за најнискиот степен на сложеност од став на овој член ќе се применува за период од Април 2020 заклучно со месец Март 2021 година.

| Р. бр. | Опис | Стапка | Износ |
|---|---|---|---|
| **1** | **Бруто плата** | | **21.776** |
| 2 | Придонеси за задолжително ПИО | 18,8% | 4.094 |
| 3 | Придонеси за задолжително здравствено осигурување | 7,5% | 1.633 |
| 4 | Дополнителен придонес за задолжително осигурување во случај повреда и професионално заболување | 0.5% | 109 |
| 5 | Придонес за задолжително осигурување во случај на невработеност (придонес за вработување) | 1,2% | 261 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6** | **Вкупни придонеси** | **28%** | **6.097** |
| 7 | Бруто плата намалена за придонеси (7=1-6) | | 15.679 |
| 8 | Лично ослободување | | 8.228 |
| 9 | Даночна основа за пресметка на данок на личен доход | | 7.451 |
| **10** | **Данок на личен доход** | **10%** | **745** |
| **11** | **Нето плата (11=1-6-10)** | | **14.934** |

**Член 3**

Основната плата на работникот не може да биде пониска од објавената висина на минималната плата во бруто износ на Република Северна Македонија .

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-494/39**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање на користење на училишните спортски сали и одржување на натпревари на спортските клубови при системот на националните федерации на РСМ, на танцови и балетски клубови и тренинг на спортисти во поединечни спортови и работа на едуктивни центри,музички училишта и центри за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19**

1. Се објавува Одлуката за давање на користење на училишните спортски сали и одржување на натпревари на спортските клубови при системот на националните федерации на РСМ, на танцови и балетски клубови и тренинг на спортисти во поединечни спортови и работа на едуктивни центри,музички училишта и центри за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19, донесена на педесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-731/36**
**Датум: 01.02.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Одлуката за давање согласност за започнување постапка за издавање под закуп на училишен простор на основните основни училишта од територија на Општина Карпош бр.09-3052/11 од 28.05.2020, Одлука за давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Касрпош бр.09-5055/4 од 04.07.2020, Одлука за категоризација и класификација на објектите за спорт од локално значење во соппственост на Општина Карпош бр.09-7600/11 од 04.12.2020,Советот на Општина Карпош, на педесет и втората седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за користење на училишните спортски сали и одржување на натпревари на спортските клубови при системот на националните федерации на РСМ,на танцови и балетски клубови, тренинг на спортисти во поединечни спортови и работа на едуктивни центри,музички училишта и центри за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19**

**Член 1**

За давање согласност за користење на училишните спортски сали и одржување на натпревари на спортските клубови при системот на националните федерации на РСМ, на танцови и балетски клубови, тренинг на спортисти во поединечни спортови и работа на едуктивни центри,музички училишта и центри за сттрански јазици во услови на пандемија со COVID-19.

**Член 2**

Организацијата и работата од член 1 ќе се реализира според Протоколи за работа во услови на епидемија со COVID-19.

- Општ протокол за организирање на спортски натпревари во услови на пандемија со COVID -19 (Сл.весник бр.263/2020) - прилог број 65 ;
- Протокол за работа на одбојкарските клубови при системот на Одбојкарската федерација на Македонија за превенција и заштита од COVID-19 ( Сл.весник бр.208/2020) – прилог број. 49;
- Протокол за работа на ракометните клубови при системот на Ракометната федерација на Македонија за превенција и заштита од COVID-19 ( Сл.весник бр.208/2020) – прилог број. 50;
- Протокол за работа на кошаркарски клубови при системот на Кошаркарската федерација на Македонија за превенција и заштита од COVID-19 ( Сл.весник бр.195/2020) – прилог број. 44;
- Протокол за начинот и условите на работа на танцови и балетски клубови (Сл.весник. бр. 168/2020) ;
- Протокол за тренинг на спортисти во поединечни спортови (Сл.весник бр.123/2020) – прилог број 1 ;
- Протокол за работа на едукативнте центри, музички училишта и центри/училишта за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19 (Сл.весник бр.230/2020)- прилог број 61.

**Член 3**

Се задолжуваат општинските основни училишта да ги реализираат постапките, согласно позитивните законски прописи.

**Член 4**

За сите фази на спроведените постапки општинските основни училишта се задолжени благовремено да го известат основачот Општина Карпош.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-494/40**
**Датум: 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Наташа Пеливанова, с.р.**

## СОДРЖИНА

1. Заклучок за усвојуваање информација по Заклучокот за изготвување Предлог-Одлука за исплата на паушал – надомест за оправдано отсуство од седници на Советот на Општина Карпош бр. 09-8209/54 од 28.12.2020 година, со Заклучок за објавување
2. Одлука за прифаќање Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општина Карпош во делот „Партиципативно тело од областа на урбанизмот“,со Заклучок за објавување
3. Заклучок за усвојување на Кварталиот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 1.1.2020 до 31.12.2020 година, со Заклучок за објавување
4. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање за 2020 година, со Заклучок за објавување
5. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година, со Заклучок за објавување
6. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развој за 2020 година, со Заклучок за објавување
7. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување
8. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско оддржување на сервисни, станбени улици и локални патишта на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување
9. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2020 година, со Заклучок за објавување
10. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на спортот за 2020 година, со Заклучок за објавување
11. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2020 година, со Заклучок за објавување
12. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година, со Заклучок за објавување
13. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2020 година, со Заклучок за објавување
14. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на заштита и спасување на граѓани и материјални добра за 2020 година, со Заклучок за објавување
15. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на развојот на месната самоуправа во Општината за 2020 година,
16. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одбележување на 44 годишнината од формирањето на Општина Карпош, со Заклучок за објавување
17. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднакви можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување

18. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односи со јавноста за 2020 година, со Заклучок за објавување
19. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2020 година, со Заклучок за објавување
20. Решение за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување
21. Програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување
22. Одлука за поништување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), со Заклучок за објавување
23. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Карпош во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), со Заклучок за објавување
24. Одлука за усвојување на физибилити студија за ЕСКО партнерство за реконструкција на јавно осветлување во Општина Карпош, со Заклучок за објавување
25. Одлука за утврдување на референтна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување и референтни услови за ескплоатација во Општина Карпош, со Заклучок за објавување
26. Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЕСКО партнерство за реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош, со Заклучок за објавување
27. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за доградба на ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
28. Решение за верификација-именување членови на Советот на Општина Карпош за членови во Комисијата за доделување еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита, со Заклучок за објавување
29. Одлука за субвенционирање на ужинки за учениците од 1-9 одделение во општинските основни училишта на Општина Карпош за учебната 2020/2021 година и за учебната 2021/2022 година во висина од 50% од износот на месечниот надоместок, со Заклучок за објавување
30. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на јавната установа општинска детска градинка „Мајски Цвет“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
31. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на јавната установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
32. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на јавната установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
33. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување
34. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи за 2021 година во јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, со Заклучок за објавување
35. Одлука за утврдување најниска плата за најнискиот степен на сложеност на вработените во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош за 2021 година, со Заклучок за објавување и

36. Одлука за давање на користење на училишните спортски сали и одржување на натптревари на спортските клубови при системот на националните федерации на РСМ, на танцови и балетски клубови и тренинг на спортисти во поединечни спортови и работа на едуктивни центри, музички училишта и центри за странски јазици во услови на епидемија со COVID-19, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**